**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Десеттата седница на Собранието на**
**Република Македонија, одржана**
**на 25 февруари 2003 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Макеоднија (сала број 1 со почеток во 11,15 часот).

Седницата ја отвории со неа раководеше Никола поповски , претседател на Собранието на Република Макеоднија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници, ја отворам Десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Агрон Буџаку , Илија Србиновски, Али Ахмети и Фазли Велију ме известија дека од оправдани причинине се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Валдата на Република Македонија.

Записниците од 5-та, 7-та и 8-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците. (Нема).

Констатирам дека записниците од 5-та, 7-та и 8-та седница се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именвуањата ги повлече Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната задравствена организација Специјален Завод  Демир Капија и Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната Здравствена организација Здравствен дом-Вевчани.

Како што сте известени судијата на Основнито суд Скопје-1-Скопје госпоѓа Зоја Лега -Станојевска е именувана за јавен правобранител на Република Македонија.

Констатирам дека со именувањето на Зоја Лега -Станојевска за јавен правобранител на Република Македонија, поради неспојливост на оваа функција со функцијата судија, и' престанува функцијата судија на Основнито суд Скопје 1-Скопје.

На 28 јануари 2003 година Собранието го именува Александар Прчески за јавен обвинител на Република Макеоднија.

Согласно член 30 став 2 од законот за Јавното обвинителство, функцијата јавен обвинител на Република Макеоднија е неспојлива со функциите во органите на Републиката.

Констатирам дека со именвуањето на Александар Прчески за јавен обвинител на Република Македонија, му престанува функцијата судија на Основниот суд во Битола.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата д аја образложи основната и неодложна потребаза донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор господинот Исмаил Дарљишта, министер за правда.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Потребата од донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон по итна постапка  произлегува од фактот што треба да се одржат избори за градоначалници на општините: Шуто Оризари, Кочани, Оризари, Василево и Демир Хисар.

Согласно Законот , значи сегашниот врз основ ана кој се спроведени изборите во 1996 година и 2000 година, имаме некои нови решенија кои треба да се прифатат од страна на пратениците во однос на начинот на гласање, во однос на лицата кои на денот на изборите се на издржување на казна затвор, или во притвор. Што значи во постојниот Закон не е предвидено. Потоа, во однос на содржината на гласачкото ливче и се разбира дека со старито закон, односно со постојниот Закон за локални избори постои одредба со која избирачот гласа со избирачка легитимација, а тоа го немавме со последниот закон за избор на пратеници во Собранието на Република Макеоднија.

Од тие причини предлагаме по итна постапка да се донесе овој Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за локалните избори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата овој Закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 92 пратеника, за 86, воздржани 6 и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратеникот Стојан Андов предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на декларација за унапредвување на односите меѓу Република Македонија и Европската Унија.

Предлогот на Декалпрацијата Ви е доставен.

Го молам пратеникот Стојан Андов да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на декларацијата да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, ја предложив оваа декларација за унапредвување на односите меѓу Република Македонија и Европската Унија со цел во право, вистинско време по неколку суштински прашања макеоднскиот Парламент, Парламентот на Република Македонија да го декларира својот политички став.

Прво, сакам да ги замолам пратениците да гласаат за оваа декалрација заради тоа што предлагам Собранието на РМ да ги охрабри иницијативите во последно време од двете страни што се залагаат за забрзување и продлабочување на односите за меѓусебната соработка на Европската Унија, потоа да ги подржиме активностите на Владата на Република Македонија како што е писмото на министерот за надворешни работи упатено до министри за надворешни работи на земјите членки на Унијата за забрзување на постапката за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во нивните парламенти, што сметам дека е од итна природа, а исто така, е основна потреба на ова Собрание и на нашата држава.

Второ, предлагам Собранието да изрази задоволство што на седницата на Советот на Унијата одржана на 17 февруари 2003 година е постигната согласност за приодот кон решавањето на Ирачката криза. Собранието да ги подржи заклучоците донесени на таа седница на Советот.

Сакам да Ве потсетам дека на таа седница се донесени заклучоци кои ги обединија сите 15 членови на Европската Унија и за разлика од некои пишувања и говорења во Македонија во јавноста, таму е обезбедена комплетна согласност на сите членови, а не поделба на стара и нова Европа, туку таму под овие заклучоци се потпишани и Париз и Лондон и Берлин и Мадрид, Брисел и Рим и сите 15. Отаму имајки го во вид целото наше историско искуство дека поделбите во Европа секогаш имале катастрофални последици за состојбите во регионот и за она што следувало за нашиот народ и за нашата земја. Мислам дека Собранието ќе ја подржи и усвои оваа декалрација.

Оваа декалрација предлагам сега да се донесе заради тоа што Собранието овде треба да ја потврди одлуката за доаѓање на евро силите во Македонија и тој чекор да го оцени како конкретен ангажман на Унијата на полето на стабилизацијата, а во согласност со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Нас наскоро сигурно ќе не чека ратификација и на конкретна спогодба за оваа работа, но ние политичкото зелено светло како Парламент треба денес да го дадеме и да ги подржиме нашите извршни органи и Владата и претседателот за согласноста што ја даде. Отаму мислам дека е право време сега ние да ја донесеме оваа декларација и меѓу другото заради актуелноста на прашањето и неодложноста на некои прашања што ги содржи , а и заради тоа што ние неодамна го имавме на гости овде и претседателот на Европската комисија за прв пат во Македонија, да го обележиме и тој настан со донесување на овој документ, а исто така да ја најавиме нашата решеност за подршка на сите позитивни појави и иницијативи и тенденции во односите меѓу Европската Унија и Република Македонија. Сега некаде месец и десетина дена пред завршувањето на две години од потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Стојан Андов, предлогот на декалрацијата да се разгледа на оваа седница го ставма на гласање.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 90 пратеници, за гласале 26 пратеници.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Стојан Андов не е усвоен.

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет, со Предлог на закон.

Претседателот на Владата на РМ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за именвуање заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи.

Предлогот на претседателот на Владата , Предлогот за именвуање на заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 78 пратеници, 60 за, 8 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Предлогот на претседателто на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам селдниот дневен ред.

1.Именување заменик на министер кој раководи со Министерството за надворешни работи;

2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори;

3.Предлог за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за Владата на Република Макеоднија, со Предлог на закон;

4.Предлог за донесување на закон за надворешни работи, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за водни заедници, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за кинематографска копродукција меѓу Владата на Република Макеоднија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на заштитата на животната средина и природата, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Макеоднија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на животната средина, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за судскиот буџет;

11. Предлог на одлука за формирање и за определување претседател и членови на Одборот за одбележување на Стогодишнината на Македонската државност 1903-2003 година;

12. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

13. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната задравствена организација Здравствен дом Ресен;

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - "Борис Канчески"-Гостивар;

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Крушево;

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски"-Свети Николе;

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Тетово;

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствен аорганизација Здравствен дом "Кратово" ПО - Кратово;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Центарот за продолжено лекување и рехабилитација Катлановска бања-Скопје;

20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом-Радовиш;

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Кочани;

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања-Отешево;

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом -Пехчево;

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека-Кочани;

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом П.О.Демир Хисар;

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Ќтип;

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Крива Паланка;

28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом -Делчево;

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом -РостуШе;

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом -Валандово;

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар -Кичево;

32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Струмица;

33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Прилеп;

34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Струмица;

35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште Бања Банско-Струмица;

36. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека-Кавадарци;

37. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Штип;

38.Предлог на одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност наообраќајот на патиштата;

39. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именвување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

40.Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

41.Предлог на одлука за огласвуање избор на судии на основните судови во Скопје-1-Скопје, Тетово, Кочани и Битола;

42.Предлго на одлука за огласување именување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија;

43.Предлог на одлука за огласување именвуање на јавни обвинители на Вишото јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип;

44.Предлог на одлука за огласување именвуање заменици на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип;

45.Предлог на одлука за огласување именвуање јавни обвинители на оснвоните јавни обвинителства ;

46.Предлог на одлука за огласување именвуање заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Дали има предлог за изменвуање на предложениот дневен ред.

Има збор заменикот министер за земјоделие.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ:

Во врска со предложената точка на дневниот ред Предлог за донесување на закон за водни заедници , со Предлог на закон, го повлекуваме Предлог законот и предлагаме на денешната седница да биде разгледан само Предлог за донесување закон за водни заедници.

Значи, за донесување закон.

Ако дозволувате да образложам. Заради лошите услови во водостопанството решивме како Министерство да правиме реформи во водостопанската дејност, а која што ја правиме преку донесување на регулатива која што ќе биде регулирана преку три законски проекти и тоа. Денес предложениот предлог за донесување закон за водни заедници, во текот на месец март ќе го предложиме законот за водостопанските претпријатија и до крај на годината ќе го предложиме сеопфатниот закон за води. Целите на предлогот за донесување закон за водни заедници се рационално користење на водата, намалување на трошоците.

И сосема на крај, со оглед на фактот дека се работи за материја која на нов начин се уредува , ги уредува односите меѓу корисниците на водите, а во согласност со обврската на Република Македонија да го усогласи законодавството со законодавството на Европската Унија. Оценивме дека овој закон треба да се донесе во две фази.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Констатирам дека точка 5-Предлог на законот е повлечен. Точка 5- гласи Предлог за донесување на закон за водни заедници.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас предлагам на денешнава седница од предложениот дневен ред да се симнат точките од реден број 11 до реден број 37. Имено, тоа се Предлог , избор на надворешни членови на јавните здравствени организации од причина што во некои од предложените членови, би рекол поголем број опозицијата нема ниту еден претставник . Од тие причини би го замолил предлагачот на овие точки како овластен предлагач да биде и овластен повлеквуач на овие точки од оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Чедомир Краљевски предложи точките од број 13 односно број 12 до број 37 да бидат повлечени.

Предлагач на одлуката е господинот Љупчо Јордановски како претседател на Комисијата да се изјасните за предлгоот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека ние се договоривме и таа добра волја која што минатиот мандат покажаа тогашната позиција кон опозицијата за вклучување на домашните членови по еден член од страна на позицијата ја корегиравме во делот кои што треба да следи за околу 30-тина здравствени организзации кои ќе бидат на 11 март на таа седница.

На седницата на Комисијата за избори и именување овој договор беше прикажан како принцип. Всушност, одкога тој принцип се провери излезе дека тоа беше добра волја на тогашната позиција, таму каде што сметаат дека треба да се даде на опозицијата член дадоа, а таму каде Што сметаат дека не треба не дадоа. Ние покажавме исто така, добра волја и затоа на следната седница ќе има опозицијата секаде присутен по еден член. Поради тоа, јас сега не сметам дека е сходно да се повлекуваат овие точки од дневниот ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Останувате на предлогот?

Предлогот на г-динот : Чедомир Краљевски точките од 12 до 37 да се симнат од дневниот ред ги ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале 103 пратеници, за гласале 37.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Со оглед на тоа дека никој повеќе не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме за дневниот ред во целина.

Гласале 92 пратеника, за гласале 70, воздржани 6, а против 16.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Предлагам по разгледувањето на првата точка именување на заменик министер кој раководи со министерството за надворешни работи да преминеме на разлгедување на точките од 42 до 46, одлуките за огласување на именување на замениците и јавните обвинители, заради роковите според кои им изминува мандатот на постојните јавни обвинители и нивните заменици за да можеме да ги фатиме роковите со конкурсот за постапката за именување.

Го ставам предлогот на гласање.

Ве молам да гласаме. Гласале 89 пратејици, 68 за, 10 воздржани и 11 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 1. - Именување заменик на министер кој Ќе раководи со Министерството за надворешни работи.

Предлогот за именување Ви е поделен.

Ве потсетувам дека именување на заменици министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници со 61 глас.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, се извинувам, но ние не сме го добиле предлогот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, мислев дека е ред да го имавме порано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претредсот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 93 пратеници, за гласаа 68, 4 воздрани и 21 против.

Констатирам дека Фуад Хасановиќ, е именуван за заменик на министерот кој раководи со министерството за надворешни работи.

На господинот Хасановиќ му го честитам именувањето и му посакувам успех во работата.

Минуваме на 42-та точка од дневниот ред.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Џевдет Насуви.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, пожитувани пратеници, досегашна пракса во судствотона Македонија покажува дека поставените услови за обвинителите и нивните заменици, па дури и за судиите се такви Што на одреден начин се судираат со одредени сегменти и со одредени политички принципи и посебно сега во судир со Рамковниот договор од Охрид. Затоа би било подобро и пожелно  во прв ред да се пристапи кон измена на законите кој ги одредуваат овие услови, како што е на пример големото и долго искуство на вршење на правничката професија после дадениот судски испит итн. Затоа јас инсистирам на ова со цел да се реализираат тие политички цели кои ги истакнав претходно. Ова е наше барање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за укажувањето. Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да глаасме.

Глсаа 84 пратеници, 70 гласаа за, 5 воздржани, и 9 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување заменици на јавниот обвинител на Репуѕблика Македонија.

Минуваме на точката 43. - Предлог на одлука за  огласување и именување јавни обвинители на вишото јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претерес по текстот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи  никој не бара збор го заклужувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 88 пратенииц, 74 за, 6 воздржани и 8 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување јавни обвинители на вишото Јавно обвинитељьтво во Скопје, Битола и Штип.

Минуваме на точката 44.

Предлог на одлука за огласување и именување заменици, министри на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молаам да гласаме.

гласале 83 пратеници, 82 за, 6 воздржани и 5 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување заменици на Јавниот обвинител на Вишото Јавно обвинителство во Скопје, Битола и Штип.

Минуваме на точката 46. - Предлог на одлука за огласување и именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам,  кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 72 за, 5 воздржани и 3 против.

Консттирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и  именување јавни обвинители на основните јравни обвинителства.

Минуваме  на точката 46. - Предлог на одлука за огласување и именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам г-дине претседателе, почитувани претставници на Владата, би сакал да се изјаснам за тоа како ќе гласам по оваа точка од дневниот ред. Денеска имаме конкретни точки каде се огласуваат огласи за именување на јавните обвинители и нивните заменици. Исто така, многу брзо ќе се направи именување на судии, ќе се вршат и разрешување и именување на нови судии. Ние како политичка партија извршивме една анализа во однос на претставувањето, посебно на етничките групи, посебно на албанскиот народ во судовите и ситуацијата е незавидна. Немам некои конкретни именувања, само сакав да сигнализирам дека во иднина кога се вршат именување на судиите, јавните обвинители и нивните заменици, треба да се почне со именување и на албански кадри, со цел оваа диспропорција и неурамнотеженост да се поправи. Тоа е само еден сигнал за во иднина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на укажувањето.

Бидејќи никој друг повеќе не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, 70 за, воздржани 6 а против 10.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Се враќаме по редоследот на дневниот ред.

Минуваме на точката 2. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Закконот за локални избори.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1. од амандманот 16 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во РМ. Ве молам ова да го имате предвид.

Отворам претррес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандмани за додавање нов член 1-а, по членот 1, член 3 по новиот член 11-а, точка за бришење на член 4 и за додавање нов член 15-а, по членот 15, по кој владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а, по членот 1 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-дин Исмаил Дарљишта.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи неккој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за 18.

Значи амандманот не е поддржан, меѓутоа, ги молам службениците да утврдат колку пратеници има во салата.

Има над 90 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 11-а, точка 8 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, гласале само 25 за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 во новијот член 11-а, точка 8, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓи заедниците.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека Владата го прифати амандманот, тој станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 15-а по членот 15 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот за додавање нов член 15-а по членот 15 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците станува составен дел на законот.

Известен сум дека г-динот Мешков има поднесено амандман по законот.

Со оглед на тоа дека амандманот не е доставен, а имате право на поднесување, затоа што е под итна постапка, предлагам тука да ја затвориме расправата по оваа точка. Одиме на наредна точка и штом се подели амандманот ќе се вратиме на точката. Го молам и министерот да остане.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по точката 3, а ќе се вратиме на оваа точка кога амандманот ќе биде поделен.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Се работи за еден закон со мали измени на закон односно се работи за измена на три члена.

Сакам да истакнам дека тука се работи за трансфер на ингеренциите од Министерството за правда на Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Македонија. Со законот за Влада на Република Македонија беше предвидено овој орган кој е доста значаен, има советодавна надлежност три години да биде под ингеренции на Владата, а по три години да помине под ингеренции на Министерството за правда.

Сега Министерството за правда предлага да не ги превземе кај себе овие ингеренции туку да ги врати на Владата. Образложението е дека тоа се прави поради тоа што ова е многу значајна област и со ова ќе се обезбеди независност на овој орган при давањето на своите совети.

Повеќе би сакал да дискутирам во врска со членот 1, а не толку за овој феномен за тоа што едно министерство сака да си тргне една од ингеренциите.

Во членот 1 на постојните ингеренции се додаваат уште две дополнителни ингеренции на овој советодавен совет. Едната ингеренција е дека тој орган ќе ја оценува законитоста и уставноста на сите акти кои се однесуваат на интеграцијата во Европската унија. За мене е спорен другиот дел на ингеренциите што се даваат на овој совет, каде се вели дека овој совет ќе ја врши својата функција во врска со актите на општините кога Министерството за локална самоуправа тоа ќе го бара. Според мене ова се судира со ингеренциите на овој совет кој врз основа на Законот за Влада се дефинира како Секретаријат, како орган кој дава мислење или друга експертска помош на сите органи на централната власт.

Сега станува нејасно дали со оваа ингеренција се дава власт врз локалната власт. Ова го поставувам како прашање односно како дилема. Или пак само се споменува една ингеренција на Министерството за локална самоуправа предвидена со Законот за Влада.

Доколку се работи за второто, значи само се истакнува еден дел на законот за Влада. Со овие промени Секретаријатот ќе помине во рамките на Владата. Министерството за локална самоуправа е дел на Владата со одредени ингеренции. Тогаш зошто на дециден начин да се споменува Министерството за локална самоуправа и дел од ингеренциите односно проценка на актите на општините, или пак оваа ингеренција значи дека овој Секретаријат на директен нажин ќе дава мислење за актите кои ги усвојуваат општините. Се знае дека според поделбата на власта, власта се дели на законодавна, извршна и судска власт, додека локалната самоуправа е т.н. четврта власт односно како посебна власт според Уставот. Па, најпрво би сакал една разјаснување во смисла дали ова има врска со ингеренциите на Министерството за локална самоуправа или пак вака им се дава директни ингеренции на општините.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господин министер ќе одговорите ли на прашањето.

**ИСМАИЛ ДАРДИШТА:**

Предлогот што се дава во ставот 2 за проширување на надлежноста на Секретаријатот за давање мислење се црпи од ч;енот 32 од Законот за Влада каде што децидно пишува дека органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје Владата може да им дава стручна и друга помош од значење за остварување и извршување на нивните задачи. Значи, стручната помош се состои особено во давање на стручни мислења и упастава за примена на прописите, потоа мислење за организациони и други прашања од интерес за правилно функционирање и унапредување на работата на органите од ставот 1 на овој член, како и други видови стручна и друга помош. Тоа е едно.

Второ, во членот 70 од Законот за локална самоуправа каде што се наведува - органи за вршење на надзор, став 1 се вели надзор над законитоста на прописите на општината врши министерството надлежно за вршење на работата на локалната самоуправа. Значи, Министерството за локална самоуправа.

Ставот 2 зборува за надзор над законитоста на органите на општината вршат органите на државната управа.

Согласно овој член даден е овој предлог за измена на овој член.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор г. Аднан Ќахил.

**АДНАН ЌАХИЛ:**

Овој закон е разработен и предложен уште од претходната Влада и добро е што има континуитет во донесувањето на вакви закони. Прифатливо е од наша страна што со овој предлог на закон Секретаријатот за законодавство нема да дејствува во рамките на Министерството за правда туку ќе ја има потребната автономија. Затоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи овој Предлог на закон.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор г. Аднан Јашари.

**АДНАН ЈАШАРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Со предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија со Предлог на закон се сака Секретаријатот за законодавство, кој според постојниот закон за Влада е во состав на Министерството за правда да се оддели и да извршува професионална функција со тенденција оваа служба во иднина да функционира како служба која ќе дава професионална и логистичка помош на сите органи на државата, без оглед на нивното ниво. Сметам дека во иднина може да има позитивно влијание врз хармонизацијата на сите законски акти, законски и подзаконски во однос на Уставот и во овој правец може ќе влијае на забрзување на уставните измени и сите други закони.

Од друга страна како потврда на тенденцијата на Македонија за интеграција во Европа во реализацијата на сите тие документи кои треба да бидат исполнети во однос на Спогодбата за асоцијација и стабилизација, исто така, мислам дека оваа служба како независна служба треба да биде професионална егитирана и подготвена.

Со ова не сакам да речам дека сум против осамостујувањето на една ваква служба, иако јас како правник ценам имајќи ја предвид улогата на Министерството за правда доколку една ваква служба би функционирала во рамките на Министерството за правда.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

И покрај објаснувањето сепак јас гледам нелогичност во овој член. Со оглед на фактот што самите закони беа цитирани, било Законот за локална самоуправа или ингеренциите на централната власт, контролата врз локалната влас или пак поделбата на власта во самата Влада во однос на Министерството за локална самоуправа зошто сега кога сето ова е предвидено со закон зошто се дефинираат само ингеренциите на локална самоуправа. Сигурно дека и Министерството за транспорт и врски како и другите министерства имаат ингеренции под контрола на другите власти. Зошто не се предвидува на пример ова тело да дава мислења и за судството, затоа што и судството е дел на централната власт.

На дециден начин единствено се препишуваат актите од општината да бидат под надлежност на Министерството за локална самоуправа. Иако ова не се наведува на

дециден начин дека Владата има право да му нареди на својот орган да формира мислење во однос на некои ингеренции на локалната самоуправа што се однесува на оценка на актите кои ги донесуваат општините. За жал јас тука не гледам никаква позитивна промена или позитивно влијание врз децентрализацијата на власта, туку напротив гледам една тенденција за децентрализација, за натамошна компликација и ограничување на слободата на општините. Се надевам дека ова не се прави со некоја задна намера за да се ограничи и натаму слободата на четвртата власт во која ние имаме многу инвестирано, нејзината децентрализација да биде реална. Врз основа на овие измени, јас не гледам некоја позитивна тенденција туку напротив натамошно комплицирање.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам претчувство дека министерот ви кажа обратно од ова што го заклучивте. Не е таа намерата на Владата и на Законот.

А сега, предлагам бидејќи амандманот од г. Мешков е дојден да го разгледаме, па ќе се вратиме на општата дебата.

Значи, се враќаме на точка 2 - Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за локални избори.

Господинот Мешков поднесе амандман по членот 15 да се додаде нов член 15-а.

Дали министерот ќе може да се изјасни.

**ИСМАИЛ ДАРДИШТА:**

Амандманот не се прифаќа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот.

Има збор г. Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Господине претседателе, почитувани претставници на Владата, министри и колеги,

Комисијата за политички систем даде еден амандман со слична содржина односно во постојниот член 7 став 2 да се додадат зборовите “и предвремени избори”, се

со цел во Законот да имаме правен основ да може претседателот на Собранието да распише предвремени избори за градоначалници.

Бидејќи тој амандман не беше прифатен од Владата јас го поднесов овој амандман со слична тенденција, само местото да му е во главата за предвремени избори на градоначалници. Од кои причини го предлагам тоа.

Доколку не се прифати еве и не се прифаќа јас би го замолил после моето излагање да ми каже по која одредба од Законот за локални избори вие г. претседателе ќе распишете предвремени избори за градоначалници со оглед на фактот дека во член 7 од постојниот закон се регулира распишување на редовни избори; во членот 61 се регулира надлежноста на претседателот на Собранието да распише повторни избори, меѓутоа за предвремени избори нема таков основ за претседателот. Ако го видиме решение кое вие го донесовте и кои го повлековте потоа, во уводниот дел стои :врз основа на член 7 став 2", член 7 став 2 е редовни избори, не е предвремени избори и затоа мислам дека со неприфаќањето на овој амандман утре ќе се судрите со проблемот да не можете да распишете предвремени избори за градоначалници, затоа што со законот такво право не ви е дадено. Значи, овде не се работи ни за надгласување, ни за прегласување, туку се работи за создавање на правен основ да можете утре да распишете предвремени избори за градоначалници.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор г. Исмаил Дардишта.

**ИСМАИЛ ДАРДИШТА:**

Распишувањето на изборите согласно Законот е предвидено во членот 64 од Законот за локална самоуправа, така да нема потреба повторно тоа да се вградува во законот.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Во Главата ИИ пишува дека распишување на предвремени избори, меѓутоа содржината на членот 7 зборува за редовни избори. Тука стои дека редовните избори за членови на советот ги распишува претседателот, а ние зборуваме за предвремени избори. Предвремени избори е регулирано во Глава ВИИ, повторни избори, избори за

замена и предвремени избори. Тука нема надлежност за предвремени избори на претседателот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не сум сигурен дека овој основ е предвремени избори. Ние не одиме сега на предвремени избори, туку одиме само на избори на оние кои заминале на други функции, или починале. Не знам дали може да се третира како предвремени избори генерално.

Има збор г. Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Всушност ова е ист амандман односно сличен како што го предложи Комисијата за политички систем. Амандманот не се однесува само за овие избори. Ние за тоа дискутиравме на Комисија. Се работи и за други, предвремени или вонредни избори. Во секој случај ова не се редовни избори. Ние на Комисијата предложивме термин, предвремени, вонредни и низа варијанти, меѓутоа ниту една варијанта не се прифаќа.

Јас би замолил Владата да размисли и евентуално да даде преформулација на амандманот, или нов амандман да се поднесе, бидејќи навистина во Законот е ставено дека претседателот ги распишува само редовните избори.

Се согласувам со вас за тоа што рековте дека не сте сигурни, меѓутоа има и други видови на избори во членот 96 кои што не ги распишува претседателот, меѓутоа Владата да размисли дали оваа формулација, или друга формулација за да не се доведеме во состојба непријатна само заради некое терминолошко неусогласување.

НИКО**ЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам само да не влеземе во друга замка - да дадеме право на претседателот на Собранието по овој амандман да распише предвремени избори за градоначалници генерално. Да не му го дадеме и тоа право тој да одлучува за предвремени локални избори. Да ги расчистиме тие работи, на тоа упатувам.

Господинот Мешков бара збор.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

За мене како правник чисто е прашањето и не знам зошто толку спориме за додавање само на еден став кој во суштина ништо не менува, туку само му дава правен основ на претседателот да распише предвремени избори.

Претседателе, ако го погледате решението што Вие го потпишавте и го донесовте тоа гласи: “Решение за распишување на предвремени избори за градоначалници”. Целата содржина на решението зборува за предвремени избори, што е и сосема во ред, затоа што се тоа избори кои што се распишуваат пред истекот на мандатот, заради неспоивоста на нивната функција со друга функција. Тоа не може ништо друго да биде освен предвремени избори.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Со оглед на тоа дека учествував во расправата во врска со предложениот амандман на седницата на Комисијата за политижки систем и односи меѓу заедниците сакам да пренесам нешто што остана непренесено во оваа расправа.

Имено, во Законот за избор на пратеници и во Законот за локална самоуправа од двата закона произлегува дека овде се можни само 4 категории: категорија редовни избори; категорија вонредни избори; повторени избори и избори за замена.

Повторените избори не ги распишува претседателот на Собранието, изборите за замена се однесуваат само на членовите на советот кои што од оправдани причини не поднеле оставка или се повлекле од функцијата и откако листата на советниците е исцрпена. Остануваат само уште две категории согласно законите што ние ги имаме - редовни и предвремени избори. Според ота нема да има никаква правна забуна, а со ова ќе се добие само правен основ за да можете вие да распишете предвремени избори за градоначалници во овие општини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот министер за правда.

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

За да го надминеме ова, предлагам во членот 7 од Законот за локални избори, ставот 2 каде пишува “редовните избори за членови на советите и градоначалници ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија”, овде зборот “редовните” да се брише и да остане само “изборите”. Тоа ќе се надмине.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мешков, вие го предложивте амандманот, ако ја прифаќате оваа забелешка, да го надминеме проблемот.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Од аспект на ова, ако се подразбира општо терминот избори, тогаш министерот предлага под избори да се подразбира сите и предвремените и редовните. Меѓутоа, нормативно технички мислам дека повеќе одговара ова што јас го предлагам, оти тоа е точно на местото во главата каде зборува за предвремени. Во членот 7 во главата 2 зборува, гледате целата регулатива е за редовните избори. Тогаш во главата - Редовни избори ние сега би кажале општ термин избори, а имаме посебни глави едната е за редовни, а другата за предвремени. Мое мислење е дека правото место му е таму во главата каде зборува за предвремени избори. Меѓутоа, можеби и вака би го решиле проблемот, но од нормативно - технички аспект би направило збрка оти и ставот 1 зборува за редовни избори. Сега, во ставот 2 ќе стои избори, а горе редони избори, мислам дека ќе се направи забуна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, останувате на амандманот.

Амандманот на господинот Мешков по членот 15 да се додаде нов член 15-а, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, од кои 35 за, 5 воздржани, 42 против.

Констатирам дека амандманот по членот 15 да се додадено нов член 15-а, поднесен од пратеникот Љупчо Мешков не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, коки припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлагам начинот на гласање да го изведеме двојно.

Прво, да гласаме во целина, а потоа само оние кои пополниле во анкетниот лист дека приапаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство да гласааст повторно и ако од нив има мнозинство, законот е поминат.

Дали се согласуваме со оваа процедура?

Законот го ставам на гласање.

Врз основа на мнозинство гласови од присутните пратеници.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, од кои 80 за. 1 воздржан и нема против.

Со оглед дека очигледно во салата присуствуваат голем број на пратеници кои не се во мнозинство, меѓутоа, ајде да го извлечеме до крај согласно Уставот.

Ги молам припадниците членовите на парламентот кои припаѓаат на зеедниците кои не се во мнозинство, не со гласање со системот, можеме само со кревање на рака да гласаат за законот.

Ве молам, кој е за да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека сите присутни пратеници кои не припаѓаат на мнозинството на заедниците кои не се во мнозинство, гласаа позитивно.

Со тоа констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Почитувани пратеници, дозволете ми во оваа можност уште еднаш да повикам, има одреден број на пратеници од нас 120 кои сме овде кои сеуште ја немаат потполнето графата за национална припадност или на заедница, врз основа на што се извлекува гласањето во Парламентот.

За сите тие, а знаат кои се, неколку пати се потсетени, но сеуште не ја потполнуваат таа графа, па ве молам да ја потполните, затоа што законите ќе доаѓаат и

по други основи за вакво гласање, тие што не се изјасниле, без разлика дали припаѓаат на една или друга заедница, не можеме да ги вклучиме во гласањето на вториот дел.

Законот го донесовме.

Сега, предлагам да се вратиме на расправа по општиот претрес по Предлогот за донесување на закон за Владата на Република Македонија.

Господата Насуфи, Томиќ и Кондарко ги молам да се пријават ако остануваат на барањето збор.

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Повод за оваа дискусија ми даде како расправата во Законодавно правната комисија каде исто така дискутиравме околу овој закон, така и дискусијата на господинот Замир Дика.

Лично сметам дека има потреба од донесување на еден ваков закон, особено што преодното решение кое е до сега содржано во Законот за Владата, како што знаеме, беше предмет на анализа на  повеќе меѓународни проекти од различни аспекти како од ВИТ, ФАРЕ, СИГМА, организирани од страна на Европската комисија.

Во таа смисла мислам дека н адлежностите на Секретаријатот за законодавство, а во врска со давање на стручни мислења навистина ќе дојдат во наредниот период до поголем израз и од тие причини и Законодавно правната комисија мислам дека има поднесено еден навистина содржаен амандман кој токму ќе ги уредува надлежностите на Секретаријатот за законодавство, како самостојна стручна служба. Во тој контекст мислам дека станува збор за еден голем лапсус на господинот Дика. Имено, тој кажа дека сега наводно оваа стручна служба, односно Секретаријатот, ќе оценува уставност и законитост. Уставност и законитост оценува Уставниот суд на Република Македонија.

Потребата ќе биде навистина дотолку поголема што посебно оваа 2003 година ни претстои една голема работа на усогласување на прописите со европското законодавство, односно законодавството на Европската унија.

Од тие причини сметам дека е потребно донесување на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Томиќ.

Има збор господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседателе, се разбира дека измената на Законот за Влада има значење како за Владатас, така и за целата држава, за целата земја, но сметам дека предложениот документ за усвојување на овој случај од две причини заслужува да се повлече.

Првата причина е ние треба јавно да прифатиме или не, дека овде има едно мало навлегување кое е транспарентно во контролирањето на актите кои ги донесува локалната власт, а тоа е неприфатливо и доколку е така, а тенденцијата е да се направи една поголема демократизација на локалната власт, тогаш имаме спротивставеност и ова е евидентно.

Другиот аспект од значење кој мислам дека треба да влијае да бидеме како парламент покритични во овој на овој закон, а тоа е аспектот на статусот доколку Секретаријатот за законодавство е продукт на бившиот комунистички систем, вие знаете дека секретаријатите беа пандан на сегашното Министерство за правда, тогаш евидентно е потребно тој да се изјасни или да влезе, да се стопи на еден многу подлабок начин во Министерството за правда, а не во некоја друга структура, или орган на Владата.

Треба да нагласиме дека секоја статусна измена е регулирана со органите на Владата за кои се бара мнозинство гласови овде во Парламентот.

Ова се двете причини содржинскиот и статусниот аспект овој закон во рамките на можностите да се повлече или да се одбие и да не се усвои од страна на Парламентот, за што ние во Парламентот нашата партија ќе гласа против.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам.

Најпрвин би сакал да полемизирам со дискусијата на господинот Дика, меѓутоа, од тој контекст не отстапува и дискусијата на господинот Насуфи.

Имено, што се однесува до членот 1 од измените и предлозите на Законот за Влада, навистина не можам да сфатам од каде доаѓа недовербата, односно отпорот кон оваа новина што е вметната дека Секретаријатот за законодавство треба да врши усогласување при примената на прописите во локалната самоуправа, во општините, особено при процесот на децентрализација.

Имено, министерот за правда сосема добро ја образложи оваа промена, тој го истакна правото на надзор што го имаат органите на управата врз актите на пониските органи, меѓутоа, треба да се земе во предвид иобразложението на самиот предлагач на законот, на Владата на страница 2 стои многу убаво дека поради целината на правниот систем се предлага оваа измена со давање на стручни мислења по прописите на општината и нивната усогласеност со Уставот и законите. Тоа со една посебна напомена по барање на Министерството за локална самоуправа, а особено кога претстои процесот на децентрализација на надлежностите.

Значи, ова не треба да се сфати како некое рестриктивно ограничување во работата на локалната самоуправа, бидејќи, како што стои во образложението на предлагачот, се повикува на целината на правниот систем.

Во Република Македонија имаме единствен правен систем. Се знае кој во Република Македонија и каде се донесуваат законите, а сосема е друго прашањето за нивната примена и спроведување што е неспорно со процесот на децентрализација, дека во тој дел никој не им го оспорува правото на нивното реализирање и извршување од страна на локалната самоуправа. Во тој дел никој нема да ги ограничува општините, меѓутоа, контролата не значи дека нема демократизација, а статусот како ќе биде, тоа е прашање на законодавната политика, односно прашање на проценка особено во врска со ефикасноста, а особено кога ни претстпои процес на усогласување на нашето национално законодавство со законодавството на Европската унија.

Затоа се потребни меѓусебни консултации во овој процес и мислам дека е многу коректно направено во овој дел, за да се постигне подобар ефект при донесувањето, односо прилагодување на прописите, кои треба секако многу голем дел од нив да се усогласат со уставните амандмани, како што стои во обраложението, амандманот 4 и амандманот 18 од измените на Уставот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Повторно би интервенирал и мислам дека ние не можеме сега со реченици и со изјави мислам политички изјави да го негираме овој законски факт кој се обидуваме да го институционализираме тука. Не е случајност што сега тука се потенцира локалната власт, соодветноста на законите било да се општински акти, било да е со меѓународни закони или државни закони тоа не е спорно тие да бидат контролирани во согласност со постоечките закони. Не е потребно да се интервенира во Законот за Владата, тука нема дилеми дека преку мала врата се прават обиди за повторно интервенирање и навлегување во локалниот закон.

Повторно верувам дека децентрализацијата е многу силен политички мотив, а предлагањето на овој закон е во спротивност со ова, затоа што демократизацијата на локалната власт има функција за реализација на правата на заедниците, посебно на албанците.

Токму затоа во овој случај јас инсистирам овој закон во овој сегмент да се измени. Локалната власт односно државната власт и така е премногу централизирана, па не треба уште повеќе да се центарализира, а токму тоа се прави сега со ова.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Имам реплика за господинот Насуфи. Ова што го кажа колегата Борис Кондарко држи само нешто ќе надополнам.

Станува збор за давање на стручни мислења на вршење на контрола. Тоа е една работа. Она што господинот Насуфи треба да го знае како поранешен министер за правда, она за што зборува е содржано во член 241 став 3 од Законот за локална самоуправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на Владата на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 66 за, 1 воздржан и 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 за, 1 воздржан и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Пределогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пртатеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Андреј Жерновски поднесе амандман за менување на член 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менување на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата не го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот  Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувани пратеници, мојот амандман е сличен со амандманот на колегата Жерновски. Амандманот се однесува на тоа што не само во овој закон, туку и во другите закони имаме голема  терминолошка шареноликост, бидејќи во Законот за локална самоуправа, во членот 1 е утврден поимот - единици на локалната самоуправа. Понатаму во другите членови кажува дека единиците на локална самоуправа се општините и градот Скопје. Овдека станува збор само за општините. Значи или да се додаде и Градот Скопје, или пак да се направи со терминот да се дополни со единиците на локална самоуправа. Меѓутоа, ова е пракса терминолошка неусогласеност не само во овој закон туку и во претходниот закон и ете во некоја прилика оваа служба за законодавство да ги пречисти овие работи, барем  во новите закони да немаме разлика. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој не бара збор?

Ако никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање Ве молам да гласаме.

Ве молам системот за гласање да го уклучиуте, ве молам да гласате.

Гласале 68 пратеници, 20 пратеници гласале за  констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на владата да се произнесе по амандманот

Министерот за правда ве молам уклучите го.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА.

Владата не го прифаќа амднамнот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 71 пратеник.

19 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Андреј Жерновски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владада да се произнесе.

Има збор господинот Исмаил Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Владата го прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи Владата го прифати амандманот, амандманот станува составен дел на Предлог-законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пртеници, 71 за, 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Четврта точка - Предлог за донесување на закон за надворешни работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почиувани пратеници,

Го предложив овој Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон од причини што само во областа на надворешните работи материјата не е уредена со закон. Ние имаме закони кои ја уредуваат материјата на разни инспекции, на агенции имаме закон за агенции и тн., имаме закони за уредување на материјата за внатрешните работи, за одбраната, но закон за надворешни работи немаме. Затоа сметам дека е неопходно да го овој закон изработиме и да го донесиме. Досега во нашата земја неколку пати министрие за надворешни работи најавувале дека ќе предложат закон за надворешни работи. Но тоа не е досега сторено. А постојат причини заради кои треба да се донесе овој закон. Тоа е потребата со кој треба да се уредат односите во вршењето на надворешните работи од страна на Министерството за надворешни работи, Владата на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, како и другите надлежни органи. Треба да се со закон утврдат правата и должностите на дипломатите постапката за воспоставување на претставништва на Република Македонија во странство и на странските претставништва во Република Македонија и други прашања од значење за вршењето на надворешни работи.

Ние еве 12 години од осамостојувањето не сме донеле ваков закон и фактички многу е проблематично како можат да си ги остваруваат правата и обврските, разните институции и функционери, кога за тоа не постои закон. Ние многу често зборуваме за тоа и во јавноста се зборува тоа дека во сверата на надворешните работи имаме дури и афери, имаме скандали, имаме многу големи разлики, има често пати и конфузии. Јас мислам оти еден добар дел од тие такви состојби, несредени состојби, потекнуваат поради тоа што ние со закон не сме ги вовеле тие работи.

Инаку, Законот ги уредува односите, обврските и правата и рамките за тие права на Министерството за надворешни работи, на односот на Министерството за надворешни работи со Собранието, со претседателот на државата, Владата и односот кон Собранието и претседателот на државата, потоа ги уредува внатрешните односи во Министерството и сметам дека е на овој начин и на, ние ќе ги уредиме сите оние, ќе ги донесеме сите оние норми кои се како законска рамка и како законски решенија потребни за да се зајакне принципот на професионализација токму во оваа област, каде што се покажале дека има многу самоволие досега.

Овие се основните принципи заради кои што го предложив овој закон и мислам дека и постои  таа потреба за да се донесе законот и крајно време е да донесиме ваков закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави госпоѓица Радмила Шеќеринска, заменик претседател на Владата.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Благодарам господине претседател,

Пратениците го имаа добиено мислењето на Владата, меѓутоа би сакала само накусо и вака усмено да ве информирам дека Владата ја цени иницијативата на пратеникот Стојан Андов, ја смета за позитивна, бидејќи апсолутно е точен ставот дека постои потреба изразена во последниве 12 години од донесување на зкон кој ќе ја регулира сферата на надорешни работи. Поради тоа сметаме дека Собранието во најкус можен рок ќе треба да погледне еден познат текст кој треба да биде подготвен од страна на Владата.

Во Предлогот кој што е доставен видлив е напорот да се систематизираат обврските и одговорностите на разните институции во државата кои имаат обврски, согласно Уставот, во делот на надворешната политика, да се дефинираат нивните надлежности, да се дефинира поделбата на тие надлежности и функции и потребата да се обезбеди координиран настап во сферата на надворешната политика. Очигледно е дека целата на еден ваков сеопфатен закон за надворешни работи би требало да добиеме управа или функции и институции кои професионално, одговорно и ефикасно ќе работат во сферата на надворешната политика и за таа цел е потребно носење на еден ваков закон. Меѓутоа, сметаме, и покрај обидот да се систематизираат односите во оваа сфера, низ Предлог-текстот кој ни е доставен, постои одредена неусогласеност, дури и во рамките на самиот закон, дали е тој предвиден да ја регулира на МНР, или генерално да ги регулира односите помеѓу различните институции,носители на функции кои имаат ингеренции во сферата на надворешните работи, особено согласно членот 1 на самиот предлог закон. Во овој контекс ние мораме да го поставиме и прашањето на уставните рамки за надлежностите на поедините државни органи во водењето на надворешната

политика што се загатнува со законот, меѓутоа, како такво не е сосема јасно дефиирано, ниту пак нуди некој квалитет плус во однос на она што го имаме досега.

Сметаме дека во исто време овој закон треба да обезбеди усогласеност и со некои други закони кои имаат влијание, како што е на пример Законот за државни службеници, Законот за Влада и тн.бидејќи доколку вака би го усвоиле вака законот, тој би претставувал и создал некои неусогласености кои би претставувале секојдневен проблем. Значи,генерално оценувајќи ја позитивно оваа инцијатива и прифаќајќи ја потребата за донесување на овој закон, сепак сме на мислење дека вака предложениот предлог на закон не траба да биде усвоен од Собранието.

На крај само заради информација, во програмата за работата на Владата која беше усвоена во почетокот на оваа година утврдено е дека во второто тромесечие од 2003 година ќе биде предложен и се надеваме донесен закон за надворешни работи кој ќе биде подготвен од страна на МНР и усвоен од страна на Владата и во кој ќе бидат разгледани или прифатени дел од сугестиите кои се дадени во Предлогот на закон, предложен од страна на пратеникот Стојан Андов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Го прочитав мислењето на Владата и го ислушав излагањето на заменик претседателот на Владата госпоѓицата Шеќеринска.

Јас знам дека мнозинство на гласови ќе си добие така како ќе им сугерира Владата, но да не направиме некоја грешка при оваа работа.

Колку што јас го читам мислењето на Владата, тие имаа став дека таков закон треба да се донесе. Има потреба. Тоа значи дека Предлогот за донесување на закон е прифатлив. Потоа, стои дека Предлогот на законот кој е даден со Предлогот за донесување на закон, во целина не е прифатлив, но во него има елементи кои се прифатливи и значат поместување напред. Тоаш јас предлагам ова да биде само прва фаза и да расправаме за предлогот за донесување на закон, а текстот што е приложен со текстот на Предлогот на закон, го доставувам до Владата да го има во вид кога ќе го изготви законот и ќе видиме дали ќе има некои принципиелни разлики. Јас мислам дека повеќе е формална работата и можеби престижна отколку што е суштинска. Ќе почекам

да го изготват тој закон и ќе видам дали има некој битни разлики од ова што е овде во овој закон дадено. Според тоа предлагам да раправаме, како што и расправаме и да ја сведеме постапката само на првата фаза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дек предлогот на законот е повлечен од предлагачот.

СТОЈАН АНДОВ:

Го доставувам до Владата Предлогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го доставувате како свое видување. Инаку тој нема форма на текст.

СТОЈАН АНДОВ:

Има форма на текст, се има, но тоа е една варијанта, една можност, да ја имаат кога ќе го изготвуват законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повлековте Прелдогот на законот конечно.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлогот на законот го повлекувам од постапката овде во Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има зор госпоѓица Радмила Шеќеринска, како претставник на Владата.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Сметав дека е несоодветно да влегуваме во конкретни делови од законот од причини кои претходно ги искажав. Меѓутоа, за да образложам дека ставот на Владата не е да не се прифати  да се дискутира по еден ваков предлог на закон заради престиж или од формални причини, би сакала само да укажам на, по мене и по нас, неусогласеноста на пример помеѓу членот 1 од предложениот текст и образложението кое е дадено во прилог. Имено во образложението стои дека со овој закон би се воспоставиле прецизни

одредувања на надлежностите со односите и меѓусебните права и обврски на институциите и органите надлежни за вршење на надворешните работи, согласно Уставот на РМ, значи сите институции и органи, додека во членот 1 стои дека со овој закон се уредува вршењето на надворешни работи, надлежноста и работата на МНР и тн. Сметаме, постои потреба од донесување на закон кој ќе ги регулира надворешните работи. Меѓутоа, ако се врземе во тоа да имаме некој почетен текст, сметаме дека ќе добиеме полош предлог. Инаку апсолутно сме расположени да прифатиме сугестии кои би биле од страна на некој од пратениците, од страна на пратеникот Андов и други кои се занимаваат со оваа сфера на вршење на надворешните работи. Заради тоа сметаме дека е подобро, бидејќи се работи за разлика од барањето и за сложен закон и за систематски закон, сметаме дека подобар предлог ќе добиеме доколку процедурата навистина тргне од Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Повторно ја ислушав госпоѓицата Шеќеринска и констатирав дека во текстот на Предлогот на законот кој го повлеков има, по нивно мислење некои усогласености, на пример во членот 1, со образложението.

Предлогот на законот како што ви реков го повлеков. Сега предлагам да го усвоиме предлогот за донесување на закон. Собранието да утврди дека е потребен закон. Декларации на владите порано, или министрите дека ќе изготват таков закон и ќе му достават на Собранието, ова е петта декларација.

Што се однесува до забелешката од госпоѓицата Шеќеринска, јас сакам да ви кажам дека тоа се отстранува со еден обичен амандман. Така да нема никаква врска. Меѓутоа не сакам да разговараме за предлогот, бидејќи предлогот на законот го повлеков од причина што по мислењето на Владата, како што произлегува сигурно нема да биде усвоен овде, бидејќи гласовите ќе се дистрибуираат спрема сугестијата на Владата. Јас сватив дека Владата навистина има намера да се донесе овој закон и затоа го оставив да биде Предлог за донесување на закон за надворешни работи. Мислам дека тука нема никаква разлика и спротивност со Владата. Владата ако искрено сака тогаш ќе го поддржи сега усвојувањето на Предлогот за донесување. Ако мисли да се одложи работата и да не направи закон, тогаш Собранието нема да и создаде обврска за донесување, ако се усвои за донесување нека Влдата си изготви свој закон а јас за секој случај ќе го испратем овој текст да го има во вид кога ќе го изготвува законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да потсетам, ако се усвои предлогот, ние ќе ве задолжиме вас, а не Владата, да изготвите Предлог на закон во втората фаза согласно Деловникот. Не може да се јави еден предлагач на Предлог за донесување на закон, а во втора фаза Владата да ја задолжиме Предлог на закон да изготви. Тоа е по Деловникот невозможно, меѓутоа, можете да соработувате во таа насока после вие со Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Можам со изјава да ја пренесам обврската на Владата. Тоа е вообичаена работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можете, меѓутоа, за Владата не е обврска да ја прифати вашата, затоа што само Собранието може да ја обврзе, а вас може само да ве обврзе да поднесете предлог, доколку сакате.

СТОЈАН АНДОВ:

Владата се обврза дека ќе работи, еве сега изјави. Само ако го одбиеме сега Предлогот за донесување на закон и даваме можност Владата воопшто да не дојде овде со предлог.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за надворешни работи.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 77 пратеници од кои 36 гласале за.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Дали барате збор? (Му се обраќа на господинот Стојан Андов, на што Андов одговори “не, се е јасно”).

Некој побара поединечно гласање, во овој случај ќе има право, затоа потврдувам, бидејќи се 36 гласови.

Преминуваме на 5-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за водни заедници.

Ве потсетувам дека Владата го повлече Предлог-законот и расправаме само по Предлогот за донесување на закон за водни заедници.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Ве молам во извештаите на работните тела да ги имате предвид само деловите кои се за Предлогот за донесување на закон. Тој дел што е за Предлогот на законот во овој случај игнорирајте го.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Почитуван претседател, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници,

Постојниот закон за води и Закон за здруженија на граѓани и фондации се покажаа недоволно добри за регулирање на материјата од Секторот за наводнување и одводнување. Имено, со овие закони можеа да се основаатг здруженија по иницијатива најмалку на пет физички лица за определена територија, што само по себе не гарантираше вистинска учесничка форма на користење, управување и одржување на хидромелиоративните системи и малите системи за наводнување и одводнување. Овие здруженија на водокорисници не го претставуваа мнозинството на сопственици или корисници на земјоделските површини, на интересите на правните лица на кои им е потребно обезбедување на вода за наводнување и одводнување. Бидејќи овие здруженија се здруженија на граѓани, Владата во целина не можеше да обезбеди контрола и надзор во делот на основањето, работењето и престанокот на овие здруженија на водокорисници за наводнување и одводнување.

Заради сите овие недостатоци, земјоделските производители односно водокорисници не беа доволно стимулирани да го плаќаат редовно водниот надоместок, што од друга страна ги предизвика следните проблеми:

- нередовно и недоволно одржување, доградба и реконструкција на хидромелиоративните системи за наводнување, одводнување;

- оштетување на водостопанските објекти и постројки од страна на корисниците, неисправни или делумно исправни каналски мрежи и присуство на големи загуби на вода, а со тоа немање услови водата да се доведе до поодалечени површини и поголеми површини.

Од овие причини, се укажува на потребата од донесување на закон, со кој ќе се приближиме кон современите текови на европското законодавство, притоа црпејќи ги позитивните искуства од развиените европски земји, како што се Англија, Франција,Германија,Холандија, Шпанија и други.

Предлогот за донесување закон за водни заедници, за кој денес расправаме, овозможува основање водни заедници од страна на земјоделски производи и правни лица, кои поседуваат повеќе од половината од земјоделското земјиште на строго определена територија, која сама по себе претставува хидромелиоративна единица за водната заедница, која исто така мора да биде хидротехничка целина. Тоа значи дека водната заедница претставува правно лице, кое гарантира вистинска учесничка форма на самите сопственици или корисници на земјоделските површини, со што во голем дел се зголемува степенот на децентрализација на вршење на дејноста од јавен интерес, која државата и ја пренесува на водната заедница, меѓутоа, државата го задржува правото на надзор во однос на основањето, работењето и престанокот на самата водна заедница. Директното учество на самите водокорисници во сите органи на водната заедница, како најзаинтересирани лица за ефикасно одводнување и наводнување на земјоделските површини, ќе овозможи успешно извршување на следните дејности:

- набавка и распределба на вода за наводнување од правните лица, кои ја испорачуваат водата за наводнување:

- правилно користење, управување и одржување на делничката и разводната мрежа на хидромелиоративните системи и изградба на нови и мали системи за наводнување и одводнување и правилно утврдување на висината на надоместокот за наводнување и одводнување, со негова наплата од самите водокорисници.

Овие правни лица, водните заедници, треба постепено да ги преземаат сите активности од јавен интерес, поврзани со наводнувањето и одводнувањето од водостопанските претпријатија, кои претставуваат своевидни подружници на Јавното водостопанско претпријатие.

Целите кои треба да се постигнат со овој предлог на закон за водни заедници се следните:

- утврдување на пониска цена на водниот надоместоки, со самото тоа што цената ја утврдуваат самите водокорисници, имајќи предвид дека тие самите без посредници директно учествуваат во процесот на управување, одржување и користење на сите хидромелиоративни системи и мали системи за наводнување и одводнување. Тоа понатаму повлекува и се очекува да се добие повисок процент на наплата за услугите за наводнување и одводнување од страна на водокорисниците, бидејќи во законот се воведени и учеснички механизми, во кои се нуди можност самата водна заедница, доколку некои од членовите на водната заедница ги нема измирено своите долгови за воден надоместок, да бидат исклучиувани од членство на заедницата, односно да им биде суспендирано правото на глас во самата заедница. Понатаму, тоа значи и подигнување на свеста на самите земјоделски производители и водокорисници дека мора редовно да го плаќаат овој надоместок, за да не биде во ситуација водната заедница да може да го плаќа количеството на вода правното лице кое испорачува вода, за да не дојде до прекинување на испорака на вода до самите водни заедници, а тоа ќе значи и прекин на испорака на вода до самите земјоделски површини на водокорисниците.

Имајќи ги предвид навиките и начинот на размислување на нашиот народ, важно е да се дефинира водата како економско добро, водата да има третман на стока со своја економска цена, односно  една од активностите на водните заедници на сите нас, во иднина, да се насочи кон подигнување на јавната свест дека водата е незаменлив и ограничем ресурс и принципот - секој корисник да го плати потрошеното количество на вода, мора да се прифати и применува, со што би се обезбедило рационално, одговорно и ефикасно користење и употреба на водата, за извршување на дејностите  од страна на водните заедници, така што ќе се намалат загубите на вода, ќе се спречи ерозија и прекумерно наводнување на земјоделските површини. Ова воедно би значело ангажирање и вработување на нови лица во самите водни заедници и промовирање на развојот на земјоделството, преку создавање на сигурни и ефикасни услуги за наводнување и одводнување, се до ниво на земјоделските производители, односно се до ниво на крајните потрошувачи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Благодарам на господинот Ѓорѓиев.

Има збор господинот Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Навистина овој предлог на закон заслужува внимание и ја заслужува поддршката на пратениците, затоа што регулира една материја која во изминативе 20 години беше недоволно третирана од страна на било какви нови законски решенија, кои би биле компатибилни со европските или барем со напредните аграрни земји и еден сектор кој што е од несомнено големо значење за Република Македонија како земја која пред се и над се е аграрна. Тоа значи, и самата практика покажува дека во последниве 20-тина години,освен “Стрежево”, не е изграден некој поголем хидромелиоративен систем или поголема акумулација, што значи некаде до 70-тите или крајот на 80-тите години завршуваат сите поголеми капитални објекти од овој вид, кои се од голем интерес и значење за Република Македонија, посебно за нејзините јужни и југоисточни делови, односно таму каде што недостатокот на вода за пиење и наводнување е евидентен.

Она што се предлага во Предлогот на законот за водните заедници е терцијарната мрежа, односно практично тие ќе ги добијат на управување терзијалните канали, што значи во примарната и секундарната мрежа сепак останува да биде управувана од страна на државата, нормално, преку досега постоењето Јавно водостопанско претпријатие или во иднина преку нови посовремени или покомпатибилни форми со развиените европски аграрни држави.

Она што би сакал да го нагласам, бидејќи законот е во фаза на Предлог за донесување е евентуалните проблеми кои би можеле да се јават во практичното функционирање на водните заедници и на самиот закон, тоа е една практична причина и практична работа што ќе се јави во Македонија во оние 100 илјади земјоделски семејства или земјоделци во Македонија, еден голем процент од нив не се професионалци, односно дел од нив и не го обработуваат земјиштето и во водните заедници, во ареалот односно во регионот во кој тие делуваат, ако имаме поголемо присуство на земјоделци кои едноставно не се присутни и не живеат од земјоделството, ќе биде многу потешко да ги организираме, односно да бидат организирани и инкорпорирани во водната заедница и да бидат нејзини активни чинители.

Исто така, од тоа но не само од тоа, произлегува и проблемот што и досега го тишти овој систем, а тоа е ефикасноста на наплатата и конкретните инструменти и мерки

со кои таа би се обезбедила. Посебно ќе биде проблем, во рамките на самата водна заедница, ефикасноста на наплатата од самите членови, во Предлогот на законот постојат мерки кои сметам дека не се доволно силни, за да можат да ги принудат оние членови на водната заедница кои нередовно или воопшто нема да ги измируваат своите обврски, а со тоа практично ќе ја понесат целата водна заедница, сите корисници, да бидат исправени пред исклучување на системот од страна на главниот добавувач, Јавното претпријатие или водостопанстото претпријатие.

Она што беше претходно кажано од страна на Владата и од целиот овој проект, кој нормално и под сугестија и компетентен и стручен надзор на Светската банка, тоа е дека самиот овој закон сам за себе нема да може битно да влијае врз разрешувањето на актуелните проблеми во наводнувањето во хидромелиоративните системи во водостопанството и затоа ќе следува Законот за водостопански претпријатија и Законот за води, односно измената на Законот за води или комплетно нов закон. Во контекст на тоа, моја сугестија е и овие водостопански претпријатија кои ќе управуваат со големите хидромелиоративни системи треба да бидат посебни претпријатија, за кои ќе се донесе посебен закон, значи претпријатија суи генерис кои ќе делуваат спрема јавното право, меѓутоа нема да бидат класични јавни претпријатија и тука треба да биде опфатено и регулаторното тело кое практично треба да ги обедини сите овие институции кои и до сега сеуште делуваат во оваа сфера, а Јавното водостопанско претпријатие, Фондот за води и Управата за водостопанство, со нивна симбиоза или синтеза веројатно би се добило трето ниво на управување со водните ресурси. Она што би требало во Законот за води исто така посебно да се води сметка е конечно надлежностите на водните ресурси на Република Македонија да потпаднат под едно министерство, затоа што до сега тие беа опфатени во три или четири министерства и во многу случаи можби немало судир на надлежности, меѓутоа, имало недоразбирање и неусогласености или самите процеси на усогласување течеле многу покомплицирано и поспоро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата,

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија ја оцени потребата од донесување на овој закон од повеќе причини. Пред се, се работи за почеток на реформите во делот на организација на севкупниот ресурс за стопанисување со водите на Република Македонија. Потоа, се работи за еден проект при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од 32 милиони долари, кој е обусловен со временска динамика да се донесе овој закон и трето, овој закон си има своја цел, функција и си има свои контролни механизми. Од таму, како Комисија цениме дека целта е да се унапреди управувањето и стопанисувањето со водниот ресурс од непосредните крајни корисници. Тоа треба да биде изведено на начин, кој ќе значи функционално правилно распоредување на водните ресурси во делот на терцијарната делнична и расводна мреча и на крајот контролните механизми, самите корисници на водниот ресурс да се договорат како тој да биде искористен.

Инаку, во делот на работата на Собранието на Република Македонија сметам дека ова е еден од оние закони кои значат огромна потреба и брзина на нашето работење, како би можело во делот на реформите кои овозможуваат интензивно земјоделство, да се продолжи со проектот со Светската банка, да се обезбедат нови дополнителни финансиски ресурси, да се регулира целиот тој реформски дел во делот на организацијата на стопанисувањето, пред се во стопанските организации и во целина да се интензивира изработката на Законот за стопанисување со водите во Република Македонија. И на крајот, она што е многу важно, концентрацијата и решавањето на проблемите, пред се од меѓународната помош, во делот на КАРЦ програмите, во делот на она што претставува проектни задачи, мора да биде концентрирана во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, затоа што таму се решаваат проблемите со водите, управувањето со водите во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Марјан Ѓорчев.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

После разгледувањето на Предлогот на законот за водни заедници, се гледа дека образлочениети не содржи ништо за тоа како би се извршила поделбата на територијата, на која во моментот стопанисуваат водостопанските организации.

Затоа, имаме предлог за воведување нов член, кога ќе се разгледува Предлогот на закон, кој би гласел: "одредувањето на хидромелиоративнатаединица да се изврши во рок од три месеци од денот на стапувањето на законот во сила, а утврдувањето на хидромелиоративната единица да го изврши водостопанската организација која стопанисува на соодветната територија според упатствата на регулативното тело".

Со овој член ќе се обврзат сите водостопански организации да ја извршат оваа поделба. На тој начин новонастанатите територијални поделби најмногу ќе одговараат за целосно искористување на постојните инфраструктури за наводнување. Тоа е првиот дел за воведување а еден нов член. И вториот гласи:

Земајќи предвид  дека постојните водостопански организации имат за себе различна специфична инфраструктура за наводнување е потребно самите да се произнесат кои делови од инфраструктурата би ги отстапиле. Тоа значи дека имам предлог за воведување еден нов член - водостопанските организации во рок од три месеци од денот на стапувањето на овој закон во сила, треба да се произнесат кој дел од инфраструктурата за наводнување ќе го отстапат и под кои услови на новоформираните водни заедници.

Тука се работи за територијата на Јавното претпријатие Стрежево. Поставеноста на парцелите на ЗИК Пелагонија, како последни од главнит ецефководи, доведува до дилема даи главните цефководи треба да се отстапат на новоформираните водни заедници, имајки предвид дека некои поминуваат низ три општини. Мислам дека со овие два члена , би сакале да дадеме еден прилог во однос на донесувањето на овој Предлог закон за водните заедници, кој го поздравувам и за кој што ќе гласам. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Му благодарам на господинот Мавровски.

Збор има господинот Апостолов Петар.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине претседател, господа претставници на Владата, колеги пратеници, најпрво, би рекол дека е добро што Владата донесе Одлука овој закон да го донесе во

две фази, бидејки ова е суштествен закон за земјоделците и треба да го чуеме и нивниот глас.

Јас ќе се потрудам да дадам еден скромен придонес за предлогот за донесување на законот, па мислам дека ќе биде корисен и во понатамошната обработка на законот.

Законот за води како основен закон во секторот за водидонесен во 1998 година е навистина комплексен и обемен. Со Законот за водни заедници, всушност, е направен обид да се воведе форма на управување на најниско ниво во потсекторот наводнување и одводнување, а тие всушност се здруженијата на водокорисници.

Со четирите члена на Законот за водите односно од член 148 до 151 и од неколкуте здруженијаоформени досега, мислам дека се 22, кои на свој начин не се пилот здруженија, ниту можат да ни послужат како пилот здруженија, согледанис е позитивнит еи негативните страни и се дојде до заклучок дека овие 4 члена нас не ни се доволни и затоа треба да вршиме промена во оваа сфера.

Со овој закон, практично започнув апроцесот на реформи и децентрализација на водостоанската дејност. Што значи водата за земјоделецот односно за земјоделските култури, кога надворешната температура е околу 40% и е потребно наводнвуање . Не би сакал да зборувам, затоа што на сите ни е познато, безразлика дали сме земјоделци или не.

Со заживување на законот, сигурно ќе се подобри наплатата на надоместокот за вода, за наводнување. Но, според мене, исто така е многу важно, ќе се подобри домаќинското однесување на системот за наводнување. Бидејки самото такво домаќинско однесување, трошоците за одржување на истото ќе се намалат, а со тоа и учеството на поединецот во вкупниот паричен надоместок. Исто така, тргнувајки од аспект што секој земјоделец ќе биде заентересиран за рационално користење на водата, дирекно заентересиран системот да функционир аи да се одржува, сигурно ќе води сметка за тој систем. Само еден практичен пример, зборувам за системот на бразди, после наводнување на одредена култура, една од лошите навики на земјоделецот е или да ја испушти водата по системот или едноставно не го ентересира што ќе стане со водата. Зборувам за системто на бразди не за систем капка по капка или систем за вештачки дожд. Сега, со овој закон тој ќе биде и тоа како заентересиран водата да ја штеди и да го чува самиот систем за наводнување.

Би сугерирал од ова место цената на водата за наводнување на водните заедници да не биде повисока од 25 до 30% од цената што ќе ја плаќаат членовите , бидејки

неофицијално разбрав дека таа би можела да изнесува меѓу 40 и 60%, што сметам дека е доста висока.

На крајот би се задржал само на уште една работа во однос на пријавувањето за потребите од вода и земјоделски култури, што ќе биде за освојвуање на тоа земјиште, како што сега по Законот за води е до 1 октомври во тековната за дадената година. Бидејки месец септември, посебно во Југоисточна Македонија е сеуште многу активен месец за земјоделците, сеуште бербата на земјоделските култури не е завршена, сеуште потребата од наводнување постои, во пракса доведување на овој закон ќе биде потпрашалник. Затоа што, планирањето за засејување на земјоделски култури за наредната година многу зависи од приносот, пласманот и материјалната добивка, па пријавувањето треба да биде подоцна.

Сенадевам дека Владата, поточно Министерството За земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја има предвид оваа сугестија при предлагање на другите закони во областа на водостопанството. Затоа, предлагам да се води сметка за тие датуми за усогласување. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Апостоловски.

Збор има господинот Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ;

Почитуван претседателе, почитувнаи министри и претставници на Владата, драги колеги!

Денеска имаме една значајна тема, која што е поврзана со општата тема , т.е. водите како добро од општ интерес.

Употребата и рационалното користење на водата е значајна тема во светот, па и кај нас. Од причина што водата е ограничен, но обновлив ресурс. Ако навреме се прибира, се чува и рационално се користи ќе ја има за сите, за луѓето, за земјоделиeто и за добитокот.

Во историјата на светот познато е дека водата по некогаш била повод и за војни, а нашиот колега Есад Рахиќ пред некоја седница кажа и навести дека тоа ќе биде и во иднина. Како што сега тргнале работите во оделни негови делови водата ќе биде поскапа и од нафтата.Засега ние сме далеку од тоа , но блискудо аларм за нашиот однос кон ова

богатство. Сегашниве генерации и идните мора да го изменат односот кон водата кој треба да прерасне во култ кон оваа материја, која живот значи и за која нема замена. Ова не се постигнува преку ноќ, треба да поминат години, но да не отстапиме од мислата, водата има своја цена и нема замена. Со оглед на тоа што водата е природно богатство и добро од општ интерес, која ужива посебна заштита и е во државна сопственост, користењето на водата е од јавен интерес. Кај нас општото мислење се гради повеќе врз искористување на досега не искористените водни ресурси, отколку врз заштитата и рационалната употреба на постојните системи. Додека надоместоците за вода за наводнување се високи, таксите за вода за комунално снабдување, се релативно ниски и механизмот на цени не го стимулира штедењето на водата.

Затоа, мора да се спроведе нов концепт за користење на водните ресурси и покривање на трошоците. Познато е дека повеќе годининаназад функцијата на системите за наводнвуање и одводнување е сериозно нарушена , како резултат од недостигот на финансиски средства за нивно одржување. Повеќето организации и претпријатија кои управуваат со хидросистемите се во тешка состојба и може слободно да се каже дека се зрели за стечај и ликвидација. Состојбата е подобра единствено со претпријатијата односно хидросистемите кои испорачуваат вода и за индустриски и комунани потреби, како што е случајот со хидросистемто Стрежево, кој исто така, произведув аи електрична енергија. Но, на што е резултат ваквата состојба со хидросистемите. Основната причина е неможноста на водостопанските претпријатија како даватели на услуги да го плаќаат воднито надоместок за наводнвуање и за одводнување од страна на корисниците, кои за жал, сеуште сметаат дека не треба да плаќаат ниту за наводнуваање, ниту за одводнување, а во тоа имаат огромна подршка како од нивните здруженија и сојузи, так аи од надлежните органи во државата, посебно во пред и за време на изборните кампањи.

Неконзистентната аграрна политика, структурата на земјоделското земјиште опфатено со системи за наводнување, некад епросечната големина на парцелите е околу 0,3 хектари, како и структурата на водокорисниците во пооделни системи, како на пример, хидросистемот Стрежево, каде најголем број не се чисти земјоделци , уште повеќе се усложнува состојбата. Ваквите состојби резултираат со барање на меѓународните кредитни институции, кои одобрија средства за ревитализација на одделни хидросистеми во Републиката за формирање на водни заедници односно здруженија на корисници, кои се институционализираа со Законто за води, кој е донесен во првата половина на 1998

година. ова претставуваше новина , како во легислативата на Република Македонија, так аи во практиката и фактот што корисниците сами ќе управуваат со делови од инфраструктурата за наводнување и одводнување, ќе бидат и директно заентересирани за ефикасно, рационално и економично стопанисување , а воедно и унапредување на дејноста. Оттаму, идејата за партиципативно управување со системите за наводнување и одводнвување односно формирање на водни заедници, со посебен закон е за поздравување. Меѓутоа, не треба да се залажуваме дека со донесувањето на Законот ќе дојде до негова брза имплементација. Впрочем, тоа го покажа и искуството за неколкуте здруженија на водокорисници формирани во одделни хидросистеми во Републикава во изминатите неколку години.

Јас лично сметам дека имплементацијата ќе биде бавна, посебно што формирањето на водните заедници треба да биде на доброволна основа. Но, сепак, не смее да се отстапи од идејата што е потврдена и со светските искуства. Не треба да се отстапи од идејата, доколку повеќе што во наредниот период треба да се реконструктуираат и рехабилитираат постојните системи за наводнување кои опфаќаат површини од 126 илјади хектари доградба на постојните системи, кои опфаќаат околу 33 илјади хектари и изградба на нови системи за наводнување кои опфаќаат површина од 106 илјади хектари. До 2020 година 266 илјади и 327 хектари се предвидени да се обноват или 72% од вкупно можните површини за наводнување во Република Македонија. За рационално користење на водите за наводнување, главна обврска во одржувањето и експлоатацијата на хидромелиоративните системи е намалување на загубите кои сега се движат од 20 до 40% на 10% кои треба да се реализираат за изградба на затворени цевни мрежи, реконструкција и рехабилитација на постојните хидромелиоративни во затворени мрежи и примена на техниката за наводнување капка по капка.

Од горенаведените причини јас ќе гласам за овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Тромбев.

Господинот Димитров Ангел.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Господине претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Јас се јавив за дискусија за да дадам друг тон на дискусијата, поготово различен од оние првите тројца пратеници што се јавија, бидејќи добив впечаток дека ова е едноставна материја, дека ова се лесни прашања и многу едноставно ќе ги решиме со еден нов закон за водни заедници.

Потполно се сложувам дека потребата е неопходна за донесување на ваков закон. Исто така , се сложувам и со наведените цели кои треба да се постигнат со донесувањето на законот. Но, исто така, морам да го кажам моето големо задоволство што се сложивме овој закон да се донесува во две фази. Зошто? Затоа што кај мене се јавува големо сомневање дека водните заедници , онака како што беа предвидени, во Предлог законот, ќе успеат да ги вршат сите дејности што се предвидени, а се неопходни за земјоделците. И, навистина, тоа не се ниту едноставни , ниту лесни работи. На пример, треба да се грижат за распределбата на водата за наводнување на членовите, но исто така и на нечленовите на заедницата во рамките на териториите.

Понатаму, тие треба да се грижат и да управуваат и да ги одржуваат инфраструктурите за наводнување и одводнување. Уште поважно за доградбата и реконструкцијата или за изградба на мали системи или на нови системи за наводнвуање, за кои сигурен сум дека сме свесни колку неопходни средства се потребни. Тоа не се профитни дејности. Или, одржување и замена на опремата. Ако некој од вас знае каква е состојбата моментално на опремата за наводнување во постојните системи, ќе видите дека тоа не е едноставна работа. Ние не успеавме да ги одржиме онаа опрема што ја имавме досега, а сега треба да набавуваме нова или на ваков начин многу едноставно ќе ја одржуваме.

На крајот, најважното утврдување на висината на надоместокот за наводнвување и неговата наплата. Не сакам да навлегувам понатаму во материјална расправа по Предлог законот, но дека е ова навистина сложена материја и навистина при донесувањето на Предлог законот, треба да се земе предвид и моменталната состојба и сите искуства. Само ќе кажам еден пример, да направиме споредба со постојните системи за водата за пиење, која е во надлежност на локална самоуправа и јавните претпријатија. Таму е многу поедноставно и техничките можности се многу поедностави за мерење и за евиденција на потрошената вода, за разлика од водата во системите за

наводнување, каде е исто предвидено дека се врши евидентирање и наплата на таа вода. А, замислете, какви проблеми имаме таму. Затоа, се надевам дека овие мои укажувања се добронамерни и ќе бидат земени предвид при донесувањето на Предлог законот. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот димитров.

Бидејки никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието ...

Меѓувреме за збор се јави заменикот министер за земјоделство,шумарство и водостопанство.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО:

Сите забелешки и сугестии на пратениците ќе ги имаме предвид и ќе се потрудиме да им најдеме место во Законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за водни заедници.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги молам пратениците кои се излезени да влезат во салата за да гласаме.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 66 пратеници, 65 пратеници гласале за, 1 воздржан, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Би ве замолил , имаме 4 верифиакции, тука има 4 членови на Владата за ратификациите, уште нив да ги поминеме и потоа ќе отвориме расправа по Законот за судски буџет и ќе направиме пауза.

Минуваме на точка 6- Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за кинематографска копродукција помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги!

Најчесто кога станува збор за ратификации, барем искуството покажува дека во овие неколку месеци од нашата работа, рутинирано ги поминуваме , со мотивација дека имаат уставна основа. Со оглед на тоа дека се работи за една спогодба од сферата на културата, на која може да се придодаде атрибутот исклучителна, би сакал да ја поздравам и да кажам неколку збора , да не помине по тој шаблон на рутинско усвојување.

Неспорејки за потребата од донесување на закон за ратификација на Договорот за кинематографска копродукција помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог закон и почитувајки ги со респект причините содржани во Предлогот, пред се, заради познатата состојба во која се наоѓа македонската кинематографија, во овој закон гледам голема шанса за нашата кинематографија и тоа од неколку причини. Бидејки, е загарантиран пласманот на филмот во Италија и пошироко, со сигурност може да се констатира дека копродуцентот заради средствата што ги вложил или заради поширокото вреднување, што како статус го има, ќе имаме шанса филмот да се пласира во поширокиот европски мултикултурен простор и на реномирани фестивали

Загарантирана е некомпромитираноста на филмскиот проект од повеќе причини меѓу кои и финансиски, со оглед на тоа што зад него стојат двете влади нашата и италијанската. Ова е шанса за достигање на естетско ниво а со тоа и на универзална вредност на филмот како културно добро, со избегнување на македонскиот синдром на претпознатливи и повторливи теми кои, заради локалната порака допираат само до балканската публика.

Благодарам, во тој дух јас овој договор ќе го поддржам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодрам.

Има збор, г-ѓа Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани пратеници.

На денешната десета седница на Собранието на Република Македонија, гледаме дека на дневен ред имаме четири предлози за ратификација на договори за соработка во различни области, значи, како што се кинематографска попродукција помеѓу Македонија и Италија, договор за соработка во областа на туризмот меѓу македонија и Италија, меѓу Македонија и Хрватска договор за соработка во областа на заштитата на животната средина и уште еден таков договор за соработка меѓу Македонија и Сојузна Република Југославија.

Би сакала да кажам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги поддржи сите четири ратификации, бидејќи цениме дека со ова се дава една правна рамка за соработка во соодветните области, односно се утврдуваат односите и обврските на земјите потписнички на овие договори, ќе се постигне една поголема афирмација на Република Македонија на меѓународен план и истовремено се придонесува за зацврстување на билатералните односи помеѓу потписничките на овие договори.

Она што би сакала денеска да истакнам е дека ниту една од овие ратификации, за жал не помина односно не беше разгледувана на Комисијата за надворешна политика, од веќе познати причини, затоа што Комисијата за надворешна политика веќе неколку месеци не функционира, односно е блокирана по искрснувањето на, условно кажано проблемот околу јазикот на кој што ќе се

претседава на овие собраниски комисии. До ден денеска не гледам иницијатива за покренување односно за решавање или доследно толкување на деловникот за работа односно за претседавање со овие комисии, со што всушност, нам пратениците и воопшто на Собранието ни е одземена можноста активно да учествуваме во креирањето на настапот на Република Македонија на меѓународен план, односно во сферата на надворешната политика. На тој начин се ставаме под една одредена ситуација, односно се ставаме во улога на неми набљудувачи, неможејќи да придонесеме со свои дискусии и насоки во однос на креирањето на било каква стратегија за настап на Република Македонија во однос на надворешната политика. Мислам дека тоа резултира и е очигледно од некоординираниот настап односно непостсоење на било каква стратегија што деновиве беше исклучително изразено.

Значи, би сакала да потенцирам дека Собранието треба да го покрене ова прашање за да ние, пратениците, значи тука не зборувам како пратеник од опозициона партија кој чувствува дека нема можност каде да го употреби своето право за мислење, туку, иако немам право за тоа, зборувам во името на сите пратеници, како едноставно ни е одземена можноста за дискусија во смисла на давање позитивни или било какви насоки за креирање на надворешната политика.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодаам .

Има збор Петрова Елеонора.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Би сакала да го истакнам значењето на договорот за киноматографска копродукција меѓу Вадата на Република Македонија и Владата на Италија, пред се заради фактот што е општо познато кое е значењето на Италијанскаста кинематографија во светски рамки. Овој договор за кинематографска копродукција помеѓу Владата на РМ, и Владата на Иалија е особено значаен бидејќи може да се свати како конкретизирање на веќепотпишаните Програма за соработка во областа на културата, образование и наука меѓу македонската и италијанскаста влада во период од 1996 до 1999 година, Спогодбата од 1998 година, за соработка во областа

на образованието и науката односно како појдовна точка за поголема соработка и на полето на филмот.

Секако дека е од големо значење и иницијативата за овој договор што доаѓа од италијанската страна, која пројави особен интередс за соработка и е врзана, претпоставувам, за изнаоѓање нови можности и услови за работата на кинематографијата и на филмот во РМ.

Сметам дека Договорот за кинематографска копродукција помеѓу Владата на РМ, и Владата на Република Италија е особено битен, бидејќи претставува едно официјализирање на филмските копродукции кои се стрикно и законски регулирано во сите земји на ЕУ и со Конвенцијата за Европска копродукција во Советот на Европа што е потпишана и од страна на РМ, во април 2002 година. Тоа ќе биде уште еднаш повеќе да се влезе со проекти врз кои ќе се има поголем увид во работата и квалитетот на тие проекти што произлегуваат од условите со договорот.

На крајот би сакала да потенцирам дека овој договор за кинематографска копродукција помеѓу Владата на РМ и Владата на Р.Италија, е во тесна врска со Европската конвенција за копродукција во кинематографијата што ќе биде на дневен ред на Собранието на 11 март. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за кинематографска копродукција меѓу Владата на РМ и Владата на Р.Италија.

Ве молам да гласаме за заклучокот.

Гласале 72 пратеници, 71 за, 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратнеици сите гласале за.

Ги молам службите да утврдат број на присутни.

68 пртатеници се присутни.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот за кинематографска копродукција меѓу Владата на РМ и Владата на Р.Италија.

Седма точка. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на РМ и Владата на Р.Италија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Р.Македонија и Владата на Р.Италија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу владата на РМ и Владата на Р.Италија.

Осма точка. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор меѓу Владата на РМ и Владата на Р.Хрватска за соработка од областа за заштитата на животната средина и природата со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Господин Големеов Благој. Не.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Р.Македонија и владата на Р.Хрватска за соработка во областа на заштитата на животната средина и природата.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 и сите гласале за.

Констатирам дека  заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 65 за, 2 воздржани, никој против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отрворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 67, воздржани 2 никој против.

Констатирам дека Собранието го донесе  законот за ратификација на Договорот меѓу владата на Република Македонија и Владата на Р.Хрватска за соработка во областа на заштитата на животната средина и природата.

Девета точка. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за соработка во областа на животната средина со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон и Законот со Предлог на закон и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Сојузната Влада на Сојузна Република Југодславија за соработка во областа на животната средина.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за, никој не се воздржал и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за, 1 против никој не се воздржал.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по  текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 за 1 против, никој не се воздржал од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на РМ  и Сојузната Влада на Сојузната Република Македонија, за соработка на животната средина.

Десетта точка - Предлог за донесување на закон за судскиот буџет.

Предлогот за донесување на законот и извештајот од работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има поголем број на дискутанти, министерот за Правда ќе даде воведно излагање.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Дами и господа пратеници, како што гледате денеска пред вас е Законот за самостоен судски буџет со кој се потврдува самостојноста и независноста на судството.

Принципот на поделба на власта на еден од основните доминантни принципи врз кој е поставен концептот на владеењето на правото и еднаквоста на граѓаните пред органите на власта. Како рамноправноста во остварувањето на слободите и правата и нивната заштита. Уставот на РМ, прифаќајќи го овој принцип прокламира поделба на власта на законодавна, извршна и судска.

Со воспоставувањето на принципот на поделба на власта Уставот на РМ, обезбедува секоја власт секоја функција да ја остварува и работите ставени во нејзина надлежност да ги извршува самостојно и независно.

Самостојноста во вршрењето на работите и надлежностите на секоја власт треба да значи дека својата функција ќе ја извршува на начин и со средства и методи како што е пропишано со Уставот и законите значи врз основа на начелото на законитост. Заштитена и ослободена од секаков облик и начин на влијание врз неа на другите видови на власта.

Значи на тој начин се зголемува одговорноста на секоја од трите власти за успешно извршување на своите работи на начин и средства што одговараат на нејзината положба и позиција во правниот и политичкиот систем на државата, на природата на нејзината функција што произлегува од нејзиниот назив. Значи законодавна, извршна и судска. Во тој контекст независното судство му е неопходно на граѓанинот за да може да го оствари своето право за јавно судење од независен непристрасен суд, одреден со закон, а на државата и е потребно за да го обезбеди остварувањето и заштитата на загарантираните права на граѓаните.

Судиите и судовите претставуваат гаранција на фундаменталните човекови права но и единствен државен авторитет кој може легитимно да ги ограничи или одземе овие права во законска утврдена постапка. За остварување на самостојноста на секоја власт, одделно а во тие рамки и во овој контекст на правосудството во вршењето на функцијата потребно е и исполнување на еден мошне битен услов значи начинот на финансирање на нејзината работа и функцијата потребно е и исполнување на еден мошне битен услов за начинот н финансирање на нејзината работа и функција. Во државата организирана врз принципот на поделба на власта, во согласност со принципот на самостојност на секоја власт во извршувањето на своите функции, во преден план избива проблемот на начинот на финансирањето на секоја власт одделно. Значи, во државите поставени врз принципот на поделба на власта, тоа значи и во нашата држава, начинот на финансирањето на другите две власти, посебно судската власт, се доведува во директна врска со нејзината самостојност и независност.

Дека е тоа така се потврдува и низ анализите и искуствата од практиката на функционирањето на судството како самостојно и независно. Судствотот во последните години, постојано го поствува прашањето за неговото финансирање, со цел да ја обезбеди својата самостојност и независност, неговата работа и финансирање да не зависи од друг орган што треба да му ги одреди потребите за успешно вршење на функцијата.

Излезот од оваа ситуација, како во многу други земји и држави со демократска традиција и потврдени резулати во функционирањето на држават врз владеењето на правото, се бара во Законот за судски буџет. Од тие причини, од особено значење е идентификувањето на суштинските причини што ја налагаат потртебата од самостојност во судството во сферата на финансирањето и изнесувањето уверливи и објективни аргументи што ја оправдуваат расправата за модалитетите за самостоен судски буџет.

Во процесот на подготвувањето, планирањето, претходните подготовки за донесување на буџет судовите немаат никакво влијание. И не само тоа. Тие немаат можности некој да ги слушне нивните проблеми и потреби и евентуално да влијае на промени на буџетот што со години по ред се донесува и усвојува по истиот терк и исти големини на средствата не внесувајќи промени и во она што се

менува, што дотрајува а не станува збор за некакви битни подобрувања на условите за работа.

Министерството за правда како надлежен орган во оваа област формираше работна група составена од претставници на Републичкиот судски совет, од Врховниот суд и Министерството за правда со задача да изготви закон за судски буџет кој во себе ќе ги содржи сите меѓународни стандарди за зајакнување на улогата на независното судство и воедно ќе ги операционализира уставните решенија за вршење на судската функција во Република Македонија и законските основи утврдени во Законот за судовите.

Законот за судскиот буџет чие донесување се предлага е конципиран во 21 одредба со посебни глави, општи одредби, приходи и расходи на судскиот буџет, судскиот буџетски совет, стручна служба, изготвување, доставување и донесување на судскиот буџет и негово извршување и преодни и завршни одредби. Особина новина во законот што се предлага е формирањето на посебното тело судски буџетски совет што ќе се грижи за финансирањето на судската власт во Република Македонија. Имено, ова тело е лоцирано во Врховниот суд на Република Македонија и негов претседател е претседателот на Врховниот суд. Покрај него членови на судскиот буџетски совет се и претседателот на Републичкиот судски совет, министерот за правда, претседателите на апелационите судови во Република Македонија и тројца претседатели на основни судови кои по систем на ротација би се менувале со мандат од една година.

Со овие одредби се утврдува и надлежноста на судскиот буџетски совет, односно се определува дека советот ги утврдува критериумите и методологијата за изготвувањето на судскиот буџет. Значи, врши распределба на средства од судски буџет, презема активности и мерки за навремено извршување на судскиот буџет и врши други работи предвидени со законот.

На крајот дозволете да ја истакнам потребата од донесувањето на овој закон со што декларативниот консензус за независно судство што сите постојано го истакнуваме како врвен приоритет ќе го преточиме во практични законски решенија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека веќе е 14,00 часот, предлагам пауза до 15,00 часот.

По паузата ќе продолжиме со расправа по дневниот ред.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за судскиот буџет.

Има збор госпоѓата Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека предлогот за донесување на законот за судски буџет заслужува внимание. Имам намера со својата дискусија да укажам на оправданоста и потребите од донесување на овој закон како и од позитивните ефекти што се очекуваат врз функционирање на судската власт. Причините поради кои треба да се донесе овој закон за мене се сосема јасни, операционализација на уставниот постулат за поделба на власта на законодавна, извршна и судска власт. Принципот на поделба на власта има пресудно значење во организирањето на власта во државата и нејзиното функционирање како демократска. Факт е дека во тоталитарните и недемократски општества судската власт се искористува од другите облици на власта зависно од тоа која е помоќна, посилна и повлијателна за остварување на целите на владеење и покривање на незаконитостите во работите се одлуките на судските органи. Надминувањето на ваквите недопустливи влијанија на законодавната и извршната власт се обезбедува преку принципот за самостојност и независност на судството и самостојност и независност, непристрасност, чесност и совесност на судиите. Афирмацијата и остварување на овие начела е обезбедена преку нивно вградување во Уставот на Република Македонија, Законот на судовите и секако законот кој денес е на дневен ред Законот за судски буџет.

Важен сегмент во издигнувањето на судската власт на ниво на самостојна трета власт во државата е начинот на нејзиното финансирање. Досега финансирањето на судската власт зависеше директно од потребите, желбите и можностите исклучиво на власт. Притоа судовите беа третирани идентично со другите корисници на буџетот без да имаат барем минимално влијание врз утврдувањето на средствата со кои се финансираат. Самите судови немаа реално можност да влијаат на определувањето на финансиските средства кои им беа потребни за нормално финансирање. Најчесто тие средства не беа во можност да ги

покријат ниту основните трошоци, а најмалку да овозможат развојна компонента, доопремување и доекипирање на судовите. Значи, финансиската самостојност на судовите беше само илузија.

Почитувани пратеници, донесувањето на овој закон кој исклучиво се фокусира на буџетот на судовите е значаен чекор напред кон нашите трајни определби за независно судство, за независна судска власт, независна и силна. И конечно судска власт која ќе биде во можност да се справи со лицата кои го прекршуваат законот без разлика дали се наоѓаат на функции во законодавната, или извршната власт и истите нема да имаат можност да влијаат врз судските одлуки на веќе добро познат коруптивен начин.

Од образложението приложено кон овој Предлог закон евидентно е дека во фазата на енговата подготовка учествувале сите надлежни субјекти со свои предлози, ставови и мислења кои како такви се инконпорирани во предлогот. Поради тоа мислам дека решенијата кои се предложени се целисходни и адекватни и во крајна линија прифатливи за судската власт.

Со овој закон средствата на судовите се издвојуваат во посебен дел од Буџетот на Република Македонија означен како судска власт. Притоа за фискалната политика и планирањето на приходите и расходите е определено да се грижи посебно тело судски буџетски совет составен исклучиво од врвни претставници на судската власт. И токму овде морам да потенцирам дека со овој предлог на закон за претседател на судскиот буџетски совет согласно член 7 став 2 предвидено е да биде претседателот на Врховниот суд. Ценам дека тоа е многу важен момент за успешно реализирање на новиот модел на финансирање на судството во Република Македонија и должна сум да пренесам дека истото е најпозитивно прифатено и од самите судии. За потенцирање е и дека 2% од вкупниот судски буџет самиот предлагач задолжително го предвидува за стручно усовршување на судиите. Сето тоа е доволен доказ дека и извршната и законодавната власт имаат желба и потреба да овозможат потполна независност на судството и од финансиски аспект. Истото е детерминирано во сите одредби на законот како и за начинот на кој е решено изготвувањето, утврдувањето и извршувањето на судскиот буџет во целина. Така и со начинот на кој е обезбедена внатрешната ревизија и тоа со внатрешен ревизор назначен од судскиот буџетски совет. Значи, реално со овој закон, а се надевам и во практиката се отстранети било какви финансиски влијанија врз

судовите и е дадена можност тие самите да ги согледуваат своите потреби. Се разбира с# треба да биде во согласност со законот за буџети и целокупната макро економска политика во државата. Впрочем почитувани пратеници најдобро од с# паметиме што ветивме на граѓаните на Република Македонија. Судската власт во земјата мора да израсне во сигурен гарант за заштита на човековите права во фактор кој ќе им ја врати вербата на граѓаните во правната држава и во владеењето на правото. Длабоко сум убедена дека со донесувањето на овој закон ние сме на патот кон остварување на нашите визии како треба да функционира судската власт во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Влада,

Бидејќи предлогот за донесување на закон за судски буџет ќе оди во две фази, би ја искористил приликата да укажам само на неколку работи што сметам дека ќе влијаам да се подобри текстот при подготвување на Предлог законот. Неспорен факт е дека овој закон дава можности на некој нажин за осамостојување на третата власт, судската власт. Но, би сакал да укажам на предлагачот дека треба да поразмисли во приходниот дел на законот за буџет, дали тој ќе претставува како што е поставено дел од буџето на Република Македонија, или постојат поинакви можности за негово целосно финансирање и издвоеност од републичкиот буџет на Република Македонија. Сметам дека за оваа околност треба да се води сметка за кое нешто тогаш ако има поинакво финансирање би дошло до целосно осамостојување на судската власт и независна од извршната власт, бидејќи сепак, овој буџет ќе оди да се предлага преку извршната власт, преку Министерството за финансии како што е поставен. Сметам дека во тој дел предлагачот треба малку да поразмисли.

Подобрување на текстот на овој закон исто така би сакал да укажам на членовите 13 и 14 кои што не се најдобро поставени. Сметам дека членот 14 каде што предвидува судовите најдоцна до 1.06. тековната година до судскиот буџетски совет ги доставуваат следните податоци т.е. се подразбира дека ги доставуваат

потребите на судовите од приходи и прикажувајќи ги своите расходи. Таквата формулација која што е ставена како дата 1.06., сметам дека е сосема погрешна затоа што буџетите сепак треба да се донесуваат до крајот на годината, а не во почетокот на годината да се даваат такви податоци што укажува дека буџетот треба да се донесе некаде при крајот на март како што е оваа година, а таквите години се ретки години, веројатно само изборни години. Буџетот треба да биде донесен до крајот на годината за наредната година. Во тој дел предлагачот на буџетот треба да поразмисли до кога треба да бидат предложени, дадени предлозите од судовите до судскиот буџетски совет кој што треба да ги предложи таквите предлози да ги прифати во предлогот на буџетот на судовите.

Останатите одредби од членот 14 каде што укажува што треба да поднесат судовите, таквата формулација треба предлагажот да ја пренесе во членот 13 и да ја вметне во ставот 2, или посебен став бидејќи тоа треба да се однесува, укажувањата, односно таквата законска регулатива треба да важи за судскиот буџетски совет, а кој што со посебни формулари ќе ги достават до судовите, судовите да ги пополнуваат и да ги враќаат во одреден временски период. Што значи дека на членот 14 треба целосна преработка со тоа што треба да се укаже до кога судовите треба да ги поднесат финансиските планови до судскиот буџетски совет, а судскиот буџетски совет до кога да го предложи буџетот.

Не е дефинирано и дали буџетот на судовите ќе биде самостоен буџет, или тој ќе биде буџет во буџетот на Република Македонија како посебен дел во истиот. И на тој дел треба малку повеќе да се обрне внимание, дали тој како буџет ќе постои самостоен, или ќе биде во составот на буџетот на Република Македонија како посебен дел во истиот буџет.

Мислам дека треба во законот на некој начин да има некои рамки на бројот на стручната служба која ќе ги врши работите на судскиот буџет. Да не биде оставено луфта да има некое непотребно зголемување на некоја администрација, бидејќи работите кои се предвидени на таа стручна служба во член 11 се гледа дека тоа се работи кои што се подготвуваат при донесувањето на буџетот, прибирањето на податоци од судовите и начинот на распределбата, односно следењето на трошењето на буџетот од страна на судовите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Предлогот за усвојување на законот за судски буџет е еден од главните предуслови за операционализација на уставните принципи за поделба на власта во законодавна, извршна и судска власт. Со овој предлог се врши осамостојување на судската власт од финансиски аспект. Тоа е еден факт кој треба да се поздрави и да се поддржи. Во прилог на овој предлог говорат и многу препораки и резолуции од европскиот совет кои се однесуваат на ефикасноста и улогата на судската власт и функционирањето на правната држава. Со овој предлог закон сметам дека најпосле ќе се реши прашањето на обезбедување на финансиски средства за сите вработени во судските органи. И покрај тоа мислам дека овој предлог за усвојување на закон за судски буџет треба на адекватен начин да се приспособи на законот за буџет. Исто така, јас би сакал да се фокусирам на еден аспект на кој сметам дека предлагачот ќе посвети поголемо внимание во одредбата која се однесува на основањето и составот на судскиот буџетски совет за кој сметам дека треба да се земе во предвид дека составот на советот како државен орган треба да биде во согласност со уставната норма во однос на пропорционалната претставеност на заедниците. И покрај тоа во принцип мислам дека треба да се поддржи овој предлог закон за донесување на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Жарко Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, еве, конечно го имаме тоа задоволство денеска на дневен ред и пред нас да се најде предлгот за донесување на законот за судски буџет. Овој закон во секој случај треба да го разгледуваме и посматраме од аспект на нашата борба во смисла на тоа да дојдеме до позиција на независно судство како една уставна категорија, како треба власт во Република

Македонија, нешто за кое што сме се залагале 12 години и кое за жал до ден денеска позицијата му остана неизменета од моментот кога е донесен и Уставот на Република Македонија. Со денешниот предлог за донесување на закон, Владата проба, или посакува да направи еден дел, односно да регулира еден начин патот кон независното судство со донесување на судскиот буџет како институција, или како буџет со кој што судството би се одделило од извршната власт во смисла на прибирањето на средствата и располагањето со истите. Тоа би било само еден чекор, бидејќи до независно судство е сепак еден комплексен проблем и не зависи независноста на судиите и во вршењето на својата функција само од начинот на финансирање, туку и од начинот на нивни избор итн., и следењето на нивната работа, особено и во делот на уставните наложби што ги дава и преку самиот Републички судски буџет.

На тој начин и со такви предлози на закони можеме да градиме независно судство.

Кога сме кај овој предлог за донесување на закон, јас би сакал да кажам тоа дека потребата е неопходна. Идејата е за поздравување, но само како идеја и како иницијатива. По оној текст што ни е понуден, би сакал да го искоментирам само од неколку аспекти, не би одел член по член, меѓутоа би кажал некои конкретни забелешки во кои што би препорачал да предлагачот во секој случај поведе сметка кога ќе ја прави следната фаза, да ги земе во предвид и овие дискусии.

Секако е добро што овој закон оди во повеќе фази и дури е потребно, јас би препорачал на предлагачот да овој закон оди во три фази. Сепак и јавното мислење да го земе во предвид, особено стручните лица и судските институции кога ќе се прави нацрт на законот да бидат вклучени во една јавна дебата, с# со цел да се дојде до еден добар закон.

Инаку, вака како што ни е предложен, овој текст на закон според мене не нуди ништо, односно нуди нешто што нема никако суштински да ја промени сегашната состојба на судовите. Ова го зборувам од материјален и од финансиски аспект, затоа што со овој закон се предвидува формирање на судски буџетски совет онака како што во членовите е опишано, со претставници од сите судови кои што учествуваат во креирањето ан буџетската политика во судството. Меѓутоа, тука е дефинирано само нивното учество. Главниот збор сепак, во целата оваа постапка го води Министерството за финансии, па преку Владата, па на крајот доаѓа во

Собранието, каде овде сепак се гласа и донесува буџетот. Тоа што судскиот буџет ќе биде како посебен, а во рамките на централниот судски буџет, не значи многу за осамостојување на судската власт, затоа што желбите можат да бидат многу, а фактичката состојба може да биде онаква каква што е за сите останати делови.

Кога главниот збор го води извршната власт, преку Министерството за финансии, па Владата како предлагач на буџетот и Собранието овде како меродавно што го носи буџетот, не ја гледам тука независноста на судството.

Значи, вака како што е текстот да не се лажеме материјалната и финансиската состојба во судството апсолутно, нема да се подобри. Тоа не значи дека со еден ваков закон, којзнае колку и финансиската и материјалната положба на судиите ќе се подобри. Незначи дека ќе има зголемување на платите, не значи дека ќе има било што во рамките на некоја независна позиција. Едноставно, само ќе ја делат одговорноста заедно со предлагачот во смисла на тоа како едни статисти за одлучување и предлагање на буџетот, односно судскиот буџет.

Инаку, најголемата аномалија според мене и најголемото што е изоставено со овој закон е токму фактот дека судиите, односно судската власт, апсолутно нема автономија во располагањето и распоредувањето на средствата што ги собира од сопствените средства, од судските такси.

Се додека тие средства одат на сметка на централниот буџет и некој друг ги распределува, не можеме да зборуваме за автономија во судството. Ако сакаме да зборуваме за комлетно и целосна автономија на буџетот, односно на судскиот буџет, треба сите овие средства кои што судската власт ги собира преку судските такси и сето она што е нивна задача да биде во рамките на некоја посебна сметка со која ќе располагаат самите судии, или судскиот совет како што овде е назначен. Дури тогаш можеме да зборуваме за некое подобрување на финансиската состојба, или на некој начин издвојување на судската власт од рамките на извршната власт.

Вака како што ни е предложено јас лично не гледам некое подобрување на состојбата во судството. За поздравување е само иницијативата дека конечно ќе тргнеме кон решавање на овој проблем, но во секој случај предлагачот треба да ги сослуша на некој начин и прифати и овие согледувања за да се дојде до подобар текст. Затоа неминовно е вклучување на мислењето и особено делот од судската власт, судиите при изготвувањето на нацрт законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓата Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

За мене е неоспорен фактот што овој предлог на закон денеска го имаме на разгледување од аспект на тоа што одиме понапред со еден чекор понатаму на осамостојување на третата власт во државата, односно судската власт.

Јас повеќе не би се впуштала во значењето на тој закон, бидејќи и претходните дискутанти ја нагласија таа потреба, а и за мене мислам дека е неоспорно тоа дека предлогот на законот што го имаме не нуди едно такво целосно осамостојување на судската власт, односно присутно е тоа дека тој ќе ја дели судбината, мислам на судскиот буџет, на останатиот, бидејќи може да се движи надвор од рамките, односно на оние параметри со кои што ќе биде дефиниран судскиот буџет на Република Македонија.

Што се однесува до текстот, јас мислам, односно имам едни предлози, мали измени и дополнувања, кои што се доставени во писмена форма до пратениците и кои што еве сметам деак нема потреба сега да ги читам, односно предлагачот да ги има предвид, доколку истите се прифатат, бидејќи не нудат некоја суштинска измена на законот, туку едно мало подобрување на текстот и во некои членови мало проширување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на госпоѓата Костадинова.

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Исто како и моите претходни колеги, апсолутно сум согласен со идејата за донесување на еден ваков закон и конечно навистина се тргнува кон една нова етапа во развојот на судството, односно на третата власт како зајакнување на незабвисноста на судството, така и по однос на финансирањето и на одлучувањето.

Ова што го кажаа моите претходни колеги, навистина не би се навраќал, имаме доволно време, бидејќи се носи во повеќе фази, меѓутоа, едно е неспорно дека со самиот закон се оди кон она што сите се залагаме, а тоа е јакнењето на независноста на судската функција и на нејзината самостојност.

Она што сметам дека текстот на законот кој во наредните фази ќе го разгледуваме како одреден недостаток, или како одреден вид на она што не е усогласено, или како идеја дадена, што мислам дека треба да биде, покрај судските такси што и јас се залагам да бидат дел, односно составен дел на Буџетот, приходите на судскиот буџет не бидат само средства определени од Буџетот. Во таа насока ќе посочам конкретен пример кој предлагачот би го замолил да го има предвид при донесувањето на конечниот законски текст, односно предлогот на закон, а тоа да се примени и италијанскиот систем на финансирање на судството.

Имено, на пример во Италија се зема како еден од изворите на приходите во судскиот буџет и таканаречената адвокатска маркица. Ова е еден начин кој мислам дека е многу ефикасен, а имено, само лица кои се определени со закон имаат право да ја купуваат таа адвокатска маркица во зависност од вредноста на спорот. На пример, ако по нашиот адвокатски тарифник е цената на спорот милион денари, се плаќа судска такса од 60.000 денари. Со тоа и самата управа за јавни приходи води евиденција на она што е издадено за кои износ на спорот е издадено, а средствата директно ќе одат, се залагам се разбира предлагачот да го има предвид предлог текстот, директно да одат во судскиот буџет.

Исто така, мислам дека во текстот на законот недостасува делот за извршувањето како еден од начините на финансирањето и тоа како на паричните казни по кривичен основ, така и оние прекршоци, односно мандатни казни.

Трет елемент на кој што посебно би сакал да укажам е дека во членот 5 во делот на расходите на судскиот буџет, се наведуваат два основа. Едниот е тековни расходи и вториот е капитални расходи. Сметам дека во овој дел неопходно е за развој на независноста на судството да се надогради со еден нов елемент, а тоа е развојната компонентна на судството. Во тој дел е запазена само развојната компонента на стручна обука на судиите, државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите. Меѓутоа, не го гледам делот на новите вработувања. Судството како независно мора да негува млади кадри, кои излегуваат

од училиште, нивната обука и т.н. и сметам дека токму во овој закон треба да се вгради и овој елемент.

Понатаму, мислам дека ова што еден од дискутантите овде кажа делот од стручната служба, исто така, давам согласност да се определи колкав би бил тој дел, како би се имала попрецизна евиденција и конечно рокот од 1 јуни од тековната година мислам дека е предалечен рок, мислам дека треба многу порано судовите да ги утврдат своите побарувања, односно своите расходи и на тој начин да дадат до надлежните служби точна и прецизна евиденција за тековната наредна година, во зависност, се разбира, од донесувањето на буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Томиќ.

За збор се јавува господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата,

Денес на дневен ред имаме точка со која конечно ќе започне процесот на финансиско осамостојување на судството што во голема мера го тангира и прашањето за неговата независност. Оваа иницијатива заслужува целосна поддршка и претставува чекор напред кон подобрување на функционирањето на судството.

Она што претставуваше неколкугодишна желба и визија на судската власт, со влегувањето на Предлог-законот за самостоен судски буџет во парламентарна процедура станува реалност. Тоа ќе претставува заокружување на речиси 10 годишните заложби на судството, како и на петгодишниот период од кога, практично, почна да функционира Комисијата за самостоен судски совет.

Што ќе му донесе самостојниот судски совет на судството?

Самостојниот судски буџет ќе обезбеди редовен прилив на средства од сигурни и постојани државни извори. Тоа е добра можност, судските институции на поедноставен и поефикасен начин да дојдат до средствата предвидени за нивно функционирање, како и за да се има подобар увид во нивните потреби.

Со судскиот буџет не се бара ништо надвор и изолирано од државниот буџет, туку напротив, со учеството на судските органи во планирањето и распределбата на дел од буџетската потрошувачка се прави револуционерен скок напред во однос на сфаќањата за позицијата на судството. Важноста на проектот се согледува и во фактот што на тој начин ќе се овозможи поголема финансиска независност на судовите. Во Република Македонија, ударите врз независноста на судството се овозможени и од одредени институционални решенија кои постојат. Имено, уставната определба за независност на судството сама по себе не може да се реализира туку тоа треба да се направи преку другите механизми кои стојат на располагање. Секако меѓу нив е и финансиската независност на судството. Не треба посебно да се елаборира дека без финансиска независност е невозможно да се оствари било каква друга. Токму затоа, ова се појавува како императив односно како потреба доколку сакаме навистина независно судство. Имено, самостојниот судски буџет е еден од поважните инструменти, заедно со воспоставувањето на законска рамка за платите на судиите , со кој ќе дојде до поголема независност. Останатите услови се: изборот и разрешувањето на судиите да биде ослободен од политичко влијание, создавање на подобри услови за работа , преиспитување на организационата шема на судството заради поголема ефикасност . Потребата од независен судски буџет како предуслов за вистинска независност на судството е поодамна констатирана. Но се поставува прашањето: Зошто до сега ваквата декларирана определба не е реализирана? Очигледно е дека до сега всушност не постоела вистинска и доволно силна политичка волја за да се реализира ваквата идеја и дека на дел од политичката елита во оваа држава и користела ваквата празнина за да може полесно да манипулира со судството и држејќи го во финансиска зависност да остварува свои интереси.

Со оглед на досегашното искуство, намерата е со помош на самостоен судски совет на полесен и поефикасен начин да се дојде до овие средства (лимитирани, се разбира), како и да се избегне "продолжениот пат" преку надлежното министерство за финансии, дури и за најситните потреби за судството. Претседателите на судовите се принудени да се јавуваат за да им се префрлат пари дури и за набавка на хартија за куцање на машина, за плаќање сметки за струја, вода, што е можност за суптилен (па, некаде и отворен) притисок на извршната власт врз судската.

Мора да се има предвид, дека со ова не се решава материјалниот статус на судиите, бидејќи, како што напоменав претходно, тоа е работа на законско нормирање, што е препорака содржана во многу меѓународни документи.

Примери:

Во основните начела за независност на судството на ООН, во точка 7 се вели: “секоја држава членка, има задача да обезбедува средства кои му се потребни на судството за нормално вршење на функцијата”;

Европскиот совет на прашањата сврзани со функционирањето се оврнува во препораката, која гласи: “на судиите треба да им се обезбедат пристојни услови за работа”-обезбедување на статус и плата во сразмерност со достоинството на професијата”...;

Повелбата на Европската асоцијација на судиите во точка 8 нагласува: “платите на судиите мора да бидат адекватни, за да обезбедат нивна вистинска економска зависност...”.

Во функционирањето на државниот буџет, од трите власти единствено судството немаше никакво влијание врз определувањето на своите потреби. Низ историјата, секогаш судството било алиментирано, без да има влијание во одлучувањето. Самостојниот судски буџет треба да го заштити судството од влијание, уцени, притисоци од другите две власти.

Бидејќи денес сме на почетокот на носење на законот, јас само би нафлил некои забелешки кои би користеле во неговата понатамошна разработка. Пред се, главната поента на овој закон, според мене, би требала да биде, судството да се изгради како финансиски независен и самоодржив сегмент на власта. Со други зборови, она што судството условно кажано ќе го заработи, да остане во неговите рамки и тоа самостојно да располага со таквите ресурси. Се разбира, дополнителното финансирање од Буџетот не може да се изостави, но тоа не смее на никаков начин да го доведе во зависна положба од другите сегменти на државната власт. Исто така, посебната стручна служба која би се формирала за вршење на административните работи би можела да има и некои поголеми овластувања и задолженија за сметка на Судскиот буџетски совет чии членови и без тоа се преоптоварени вршејќи ги другите функции врз основа на кои и се наоѓаат во Советот.

Малку и за односот на опозицијата кон ова прашање: ВМРО-ДПМНЕ неодамна ја обвини власта дека владата со понудениот законски проект за самостоен судски буџет прави обид за манипулација со судската власт. Тврдењето дека со новиот закон за судски буџет, не им се нуди никаква суштинска промена на претставниците на третата власт и дека со тоа не само што нема да се подобри нивната позиција, туку напротив, ќе се влоши, бидејќи нема да донесе зголемување на платите и на другите трошоци, претставува "обична политичка манипулација, која притоа е и лошо искористена во дневно-политички и маркетиншки цели".

Имено, со законот за судски буџет се уредува исклучиво постапката на изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет, како и основањето и работењето на Судскиот буџетски совет. Со едноставни зборови кажано: како побрзо , поправилно и порационално да се дојде до парите во државниот буџет, кои и онака се наменети за нив. Тоа преносно би било нешто како излегување од сообраќајна мешаница, како од Центар да се стаса до Карпош но без притоа да се оди заобиколено преку Гевгелија.

Со Законот на судовите пак, кои ги дефинира организацијата и начинот на функционирањето на судството, во делот предвиден за средствата за работа , поточно во членот 101, е пропишано дека "висината на платите и другите надоместоци на вработените во судството се определуваат со Закон. Јас ја сметам како посебно проблематична и тезата на опозицијата дека се нуди законско покритие за нешто што и досега постоело, а кое само треба да биде формализирано со конституирање на посебно судско тело кое ќе предлага судски буџет, кој може и да биде отфрлен од Министерството за финансии. Ова го сметам како ноторна невистина, бидејќи се прави обид за замена на тези, исчашување на една благородна идеја, која години station наназад постои како нереализиран сон на судството. А, тоа е самото судство да земе поактивно учество во креирањето и распределбата на судските приходи.

Она што паѓа в очи е нагласеното душегрижништво на ВМРО-ДПМНЕ за судството, особено откако сега се во опозиција. Во времето на нивното четиригодишно владеење, но и во текот на претходното опозиционерско искуство, како расипана грамофонска плоча постојано го верглаа истиот рефрен: "дека не му веруваат на судството, дека тоа е под влијание и притисок на поранешната опозиција..". Ваков пресврт за партија која не така одамна го прогласи целиот

Врховен суд за “шовинистички”, која си дозволуваше да ги коментира и неспроведува одлуките на Уставниот суд, нарекувајќи ги “политички” е необичен, особено ако се имаат предвид штетите кои што му се нанесоа токму на судството во претходниот четиригодишен период.

Згора на се, постојано слушаме дека токму судството било виновно за неуспесите на претходната влада и нејзината неспособност, пред се во нејзината борба со криминалот и корупцијата кои во Република Македонија добија епидемиски размери за време на нивното владеење..

Со ваквите небулозни тврдења се прави обид да се аргументираат со несериозните изјави за наводно поднесени 20.000 кривични пријави кои како што беше наведувано во изборната кампања, наводно не биле процесуирани бидејќи наишле на отпор во рамките на самите судски институции кои ете биле под контрола на тогашната опозиција, за да деновиве слушнеме дека тоа всушност биле 500 пријави кои не поминале низ судските лавиринти. Коментар не е потребен!

Симптоматично е тоа што и најдобронамерните предлози во кои и нема политика и кои би требало да бидат консензуално прифатени, како што е и денешниот за Предлогот за донесување на Закон за судски буџет, од страна на актуелната опозиција се дочекува на нож и му се дава сосема друга конотација без притоа да се даде било каков вистински аргумент односно да се каже што има тука лошо, дали нешто не чини, што би требало да се промени. .. Наместо тоа имаме само грубо негирање и отфрлање само заради тоа што е предложено од страна на политичките противници. Ваквиот однос нема ништо заедничко со декларативната определба на опозицијата за конструктивно однесување и нејзината улога како коректор на власта

Како и да е, поставувањето на оваа точка на дневен ред претставува чекор напред. Она што може да се констатира сега е дека новата политичка гарнитура има политичка волја да се оствари независноста на судството, а во рамките на тоа и финансиска независност. Токму политичката волја е клучниот фактор за успехот на промените кои се предвидуваат со овој закон. Што се однесува до евентуалните недостатоци би напоменал дека сега се наоѓаме во една почетна фаза и дека како што ќе се разработуваат законските одредби понатаму, така и ќе се доаѓа до поквалитетни решенија, па ова би било и порака до опозицијата во иднина навистина активно и во вистинска смисла конструктивно, да се приклучи кон

разработката и подобрувањето на овој закон важен за сите граѓани на оваа држава, независно на која партија и припаѓаат или која е нивната политичка опција.

Она што судството условно го има кажано ќе го заработи да остане фактички и во рамките самостојно да располага со таквите ресурси. Се разбира дополнителното финансирање од буџетот не може да се достави, но тоа не смее на никаков начин да го доведе во зависност со положбата со другите сегменти на државната власт.

Исто така, посебната стручна служба која би се формирала за вршење на административните работи би можела да има и некои големи достигања и задолженија на сметка на судскиот буџетски совет, чии членови и без тоа се преоптоварени вршејќи ги другите функции за кои се наоѓаат во советот. Мене особено ме радува и односот на опозицијата кон ова прашање бидејќи дискусиите на колегите од ВМРО-ДПМНЕ ги сфаќам како конструктивен приод на опозицијата кон овој проект што значи дека се согласуваме дека има потреба од донесување на ваков конкретен проект.

Поставувањето на нова точка на дневен ред претставува чекор напред. Она што може да се констатира е дека новата политичка гарнитура има волја да се оствари независноста на судството, а во рамките на тоа и финансиска независност. Токму политичката волја е клучниот фактор за успехот на промените кои се предвидуваат во овој закон, а таа волја досега ја немаше.

Што се однесува до евентуалните недостатоци би напоменал дека сега се наоѓаме во една почетна фаза и како што ќе се разработуваат законските норми понатаму така и ќе се доаѓа до поквалитетни решенија.

Сметам дека сме пред една вистинска шанса да донесеме закон со консензус, закон кој што ќе ја изрази зрелоста на сите политички партии во овој Парламент, бидејќи во сите наши декларации, платформи и тн, стои нашата заложба дека судската власт ќе биде сосема независна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Се извинувам, господинот Слободан Даневски бара збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

На идење ваму од пауза ме прашаа добар дел новинари што се случи денеска, да го прашате претседателот, ја повлече точката - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет со Предлог на закон. Ветив дека ќе го прашам претседтелот, сигурно тој ќе одговори зошто ја повлече таа точка. Обично вие милувавте во минатиот состав, поставувавте прашање и нема да ми се налутите, ние се познаваме со години и сигурно ќе одговорите на ова прашање а и не мора да одговорите, тоа е ваше право.

Слушавме тука многу дискусии од наши колеги околу независно судство, а сите во Македонија викаат независно судство. Сега на кого да веруваме? Независно судство, ако му додадеме независен буџет, или буџет и зависно судство. Јас ја имав таа чест да учествувам во изборот на скоро сите судии, па и обвинители, многу многу апелациони судии и тн. Сите велат судиите се независни, но во дискусија со многу судии нивната дискусија беше вака, Да, ама да имаме независен буџет.

Многу колеги што дискутираа тука, мислам дека зборуваа паушално, затоа што еден исчекор, независен буџет ќе биде тогаш кога буџетот ќе биде директно кај судиите. Она што стои од самиот предлог на закон дека претседателот на судот треба да се договара со министерот за финансии и ќе зборуваме за некое независно судство. Од таа работа не бива ништо. Независно судство ќе имаме тогаш кога ќе имаме независен буџет, а кога ќе имаме независен буџет ќе имаме независни судии. Во дадениот момент имаме зависни судии и судии кои, за жал судат на онаа власт која се наоѓа на власт. Ова е со години, не е ништо изменето. И онаа власт притискаше, и оваа власт ќе притиска, судиите се испоплашија. Тоа што беше дадено како еден предлог за промена на судскиот совет, што требаше да значи една увертира пред она што значеше изборот на врховните судии, што ќе требаше да значи избор на нови судии во Врховниот суд мислам дека многу добро кажува а вие господине претседателе сигурно ќе дадете едно дополнително објаснување, затоа што ме прашуваат новинарите дали по интервенција, на , незнам многу ги имаме сега, Брукс ли, Брунс ли, незнам како и бара некоја интервенција кај вас и ве замолил да го повлечете тоа затоа што влегување во промена на Уставот ќе значи хаос во Република Македонија.

Сигурно вие ќе дадете дополнително објаснување кое ќе значи и пред јавноста и пред новинарите дека под притисок на Европската заедница вие сте го

повлекле овој предлог како неиздржан, а ова што слушавме по дерижирани новинари најавени текстови, пишани дека претседателот на Судскиот совет се мочал во паркот, мислам дека отидовме многу далеку. Отидовме на примитивизам, отидовме на перфидност, отидовме на такви примитивизми што се невидени за оваа држава. И да е нарачан овој текст, и да е човекот во години, мислам дека има доблест и треба да се повлече. Но некој новинар да се повикува од името дека се мочал во Градскиот парк не доликува. Ова е невиден примитивизам. Го симнавме судството на една гранка испод даденото ниво.

Моето укажување беше вакво. Јас сум гласал за сите судии и сум го почитувал укажувањето и препораката на судскиот совет. И денеска ќе гласам за она што ќе го даде судскиот совет, затоа што не сум стручен и компетентен, а и многу тука што се смејат немаат поим од судството и од правото, туку се смеат туку така, да бидат интересни пред партиското раководство, да добијат некој поен, во народ кажано лигавење. Има и лигуши, нека се лигават, но за многу судии да судат тука не се компетентни. Ние секогаш го почитуваме она што го дава судскиот совет, затоа што судскиот совет сигурно има критериуми и репер за предлагање на претседатели, судии, судии на Апелациониот суд и ред други што треба да бидат избирани. Исто и за Јавниот правобранител.

Моето укажување беше да не продаваме магла. Многу наши колеги кажуваат дека иако законот е во повеќе фази, две фази ова е еден исчекор кон донесување на независно судство. Од оваа работа нема ништо. Независно судство ќе има кога ќе има независен буџет и кога судиите ќе бидат независни од Парламентот тогаш може да се надеваме дека ќе има правда и право во Република Македонија. Се друго е маска и додека ние дигаме тука два прста и додека ние гласаме за нив никогаш судиите  нема да бидат осамостоени, затоа што секогаш зависат од било кое партиско раководство. Ако се каже од партиското раководство во било која општина рекоа одозгора вака треба да судите така ќе судат. Нешто што е инертно, нешто што не работи, нешто што ги кочи процесите во оваа држава тоа е судството. И нема да бегаме од тоа. Тоа што некој зборуваше од колегите дека треба да правиме реформи, тоа е залажување. Ова го зборуваме само за пред граѓаните. Независно судство и осамостојување на судската власт, инаку сме сведоци и ќе се случуваат парадокси да неможе да влезе со судска одлука во фирма, да неможе да се заштити приватниот капитал, да неможе да изреагира полицијата, или селективно се

настапува. Ако една политичка партија која е на власт, било која да е, ако се јави во оваа фирма нема да влезете, затоа што стои оваа гарнитура која е на власт. Не правиме држава, не правиме судство. Нема држава во оваа Македонија. Во оваа држава треба да има еднаквост. Сите граѓани според Уставот, член 9 треба да бидат еднакви. Тоа што реагираат пратениците ќе дојдеме и на ова. Сме зборувале на оваа тема многу години, 12 години. Реакцијата е ваша, нови сте тука, ќе дојдете тука ќе направите машина за гласање, ќе поминеме, и вашиот збор ќе го чуеме. Сме поминале ние, ќе го видиме ова. Нема независно судство во оваа држава. Независно судство ќе има кога ќе имаме независен буџет. Ја разбирам реакцијата од пратениците. Ќе се видиме, во ред, иако е ова исчекор повеќе. Јас сум да има независен буџет, да има независно судство, да не одговараат, судиите да не се бираат од политичките партии судиите да не полагаат сметки на Парламентот. Кога ќе биде како што е дадено во Уставот независна власт, тогаш можеме да зборуваме за независно судство, инаку ова е една фарса.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор пратенкот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Согласно член 87 очекував да го прекинете лигавењето на пратеникот Даневски, морав да интервенирам за изјавата дека тој се разбира многу во судството, па го повикувам кога многу се разбира во судството како можел да склучи таков договор како член на Управен одбор на Телеком каде што се одлеваат 7 милиони евра со некоја маџарска непозната компанија.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Слободан Даневски не склучил ни договор со Управен одбор, ни 7 милиони марки, ниту се лигавам господине Макрадули, а вие ако се лигавите тоа е друга работа. Ниту имам намера јас и на почетокот, не пратевте од почеток, јас од почеток бев македонски Телеком да не се приватизира со 51%. Моето изјаснување беше да го имаат пакетот Македонија, или Владата на Република Македонија од 51%.

Ова ваше кажување е да се најдете на збор, да дофрлите нешто и мислам дека ја погрешивте темата.

Во однос на судството кажете дали има независно или зависно судство. Тогаш можеме да зборуваме а за Телеком тоа се чисти глупости вие што зборувате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе ги замолам сите учесници во дебатата речникот да го прилагодат на тој кој доликува на Парламентот.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Јас не се согласувам со дискусијата на господинот Даневски од причини што тој на самиот почеток се залага за независно судство, а ја стопира постапката. Ние мора еднаш да изградиме независно судство. Или судиите треба да бидат независни, а се зависни. Секогаш ќе бидат зависни кога имаат такви примања. Јас само ќе наведам еден пример со судијата во Основниот суд во Кочани Крунислав Алипов. Овој судија уништи две фабрики во Делчево и вработените ги остави на улица. Зошто го прави сето тоа.? Јас сум убеден дека е од материјална корист.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господинот не го познавам, ниту го познавам судијата од Кочани. Колку има примања според законот колку е одредена толку ќе има примања. Како работи судијата или не незнам, немам поим јас. Ова апсолутно нема врска со независно судство. Колку има примања и како работи. За тоа како работи има комисија и Републичкиот судски совет ќе ја цени неговата работа. Ова нема врска ни со Данвски ни со лигавење, ни со судството.

Господине претседателе нема никаква основа за реплика. Судијата во Кочани со Слободан Даневски, боже сачувај, што има врска ова. Слободан Даневски дали е виновен што утре ќе врне снег. Глупости.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Борис Кондарко.

Ако оценам дека никаква допирна точка со темата, ќе ја прекинам репликата и ќе преминеме на дебата .

БОРИС КОНДАРКО:

Се согласувам претседателе, меѓутоа тоа требаше да го сторите кога му дадовте збор на господинот Даневски, бидејќи не дискутираше по точката.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се однесува ова на вас.Констатирам од сега натаму.

БОРИС КОНДАРКО:

Бидејќи очигледно господинот Даневски направи обид да ја измести расправата  и воопшто не дискутираше за самостојниот судски буџет и јавно се изјасни дека не го поддржува законот  што денес е на дневен ред бидејќи е против самостојноста на судството. Му благодарам за така изнесениот став, јавноста да знае каков е односот на политичките сили во Парламентот и за што се залагаа поедини пратеници и политички партии.

Значи, господинот пратеник Слободан Даневски е против осамостојувањето на судството преку самостојниот судски буџет.

Второ, зошто кога има сомневање и недоверба во однос на работата на судиите истото тоа не го институционализира преку соодветна постапка и за таквите "зависни судии" истото тоа соодветно не го пријави во Републичкиот судски совет кој што е надлежен да расправа за тоа, не даде доказ за кои судии, или за кои случаи се работи, или евентуално до органите на прогонот, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи.

Меѓутоа, овде интенцијата е друга и мислам дека во својата дискусија го омаловажува достоинството и на Парламентот, а искажа и многу тешки зборови, се разбира, без аргументација против судиите, а секако доколку има такви изолирани случаи го повикувам да ги искористи механизмите на правната држава и на судскиот совет и да го стори тоа во една нормална постапка а не да обвинува без докази една поголема група на луѓе кои сепак треба да им се овозможи простор да работат и својата работа да ја извршуваат професионално во согласност со Законот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Жалам што детето не ги разбира работите. Кога јас гласав за судиите детето си играло џамлии. Мене ми е многу жал, ама таков беше животот. Сега детето дошло по некоја случајност, животот е така. Исто би било обвинување како сега јас

да кажам вие не гласавте за декларацијата што ја поднесе господинот Андов, вие сте против Европа, вие сте против Германија, против Франција, вие ќе ја растурите Европа. Такви работи се случуваат, ама што да правиме, тоа е демократија. Детето може да зборува што сака. Мало е, ќе порасне, ќе научи.

Јас сакам да кажам пред целата јавност, кажува невистини, или како народот би рекол лаже. Слободан Даневски секогаш гласал за судиите и Слободан Даневски гласа за апсолутно независно судство што значи апсолутно независен буџет. Со целиот буџет да располагаат, сами да се избираат, судскиот совет сами да го бираат, да нема никаков контакт со Парламентот. Политичките партии да се тргнат. Да се тргнат и од економијата,да се тргнати од судството. Тогаш Македонија ќе биде тоа што треба да биде, да чекори кон Европа.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Се извинувам господине претседателе, но морам да интервенирам. Доколку господинот Даневски, можеби е претежок збор за него - господинот, во Собранието сите пратеници се еднакви и не се делат ни на деца, незнам тој во која група се сврстува, затоа ве молам како координатор на Пратеничката група и за угледот на член на Пратеничката група морам да интервенирам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Бидејќи господинот Макрадули го брани Кодарко, како се вика, изгледа дека е дете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ги повикувам пратениците ако сакаат да го сочуваат достоинството на Парламентот да размислат дали треба да реплицираат и да поттикнуваат пратеници на бесконечни кавги.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувм претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот зак.лучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за судскиот буџет.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достви Нацрт на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата на пратеникот Емилија Костадинова, предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на самата седница на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, предлозите и мислењата на пратеникот Емилија Костадинова, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достви до Владта на Република Македонија и до Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За предложениот заклучок гласале 82 пратеници, од кои 81 за, 1 против и никој не се воздржал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точка 11 - Предлог на одлука за формирање и за определување претседател и членови на Одборот за одбележување на Стогодишнината на македонската државност 1903-2003 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе амандман на член 2 став 1 и 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тесктот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 77 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за формирање и за определување претседател и членови на Одборот за одбележување на Стогодишнината на македонската државност 1903-2003 година.

Минуваме на точка 12 - Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидеји никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 72 за, 2 против и никој не се воздржал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Минуваме на точка 13 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Ресен.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска на дневен ред имаме избор на надворешни членови на управните одбори на јавните здравствени организации. Според статутите на јавните здравствени организации управните одбори се состојат од четири надворешни и три внатрешни члена.

Функцијата на управните одбори, покрај другото, е вршење на општествен надзор и контрола врз финансиското работење во јавните здравствени организации односно Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, како и врз работењето на раководните лица во тие институции.

Во Република Македонија постојат 78 јавни здравствени организации, вклучувајќи го во овој број и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

До сега, со денешните, Собранието третирало 61 јавна здравствена организација значи ни останувaат уште 16 јавни здравствени организации.

Парламентарното мнозинство составено од СДСМ, ДУИ и ЛДП на постојаното инсистирање на претставниците на опозицијата на Комисијата за избори и именувања прифати да вклучи од можните четири надворешни члена само по еден член од опозицијата. Притоа мислам на ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија и ДПА. Тоа го стори во 32 јавни здравствени организации од досега третираните 61. Значи, во 30 јавни здравствени организации опозицијата нема свој претставник кој во името на граѓаните на Република Македонија би вршел општествена контрола врз финансиското работење на раководниот тим во јавните здравствени организации, односно во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

Апсурдот, демагогијата и дискрапанцата помеѓу она што се пропагира и она што навистина се работи од страна на СДСМ и нејзините коалициони партнери доаѓа до полн израз и во оваа сфера на општественото организирање на животот и работењето. Имено, СДСМ како владеачка партија која ги поставува директорите и раководните тимови во јавните здравствени организации, пред се, од своите редови, а понекаде и од редовите на своите коалициони партнери и која на цел глас повикува во борбата против корупцијата, која се работи за нејзини кадри не и дозволува на опозицијата макар и со еден надворешен член во управниот одбор да врши контрола на можните појави на корупцијата и незаконско работење или како што тоа сега трендовски се нарекува злоупотреба на положбата и овластувањето на раководните лица.

На овој начин се дозволува во одредени јавни здравствени организации опозицијата да нема можност да ја алармира јавноста за евентуално таквите појави. Очигледно на ваков начин СДСМ продолжува со селективен приод во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Се надевам дека мојата кратка дискусија ќе наиде на прием и одобрување кај мнозинството демократски настроени пратеници за да се изврши ревизија на оние управни одбори каде опозицијата нема ниту еден претставник. Оние што денеска се на дневен ред предлагачот да има доблест да ги повлече, како што тоа впрочем го стори Владата со повлекувањето на Законот за измени и дополни на Законот за Републички судски совет кој во одреден дел немаше уставен основ.

Ова не е само во интерес на опозицијата, тоа е во интерес и на позицијата, а пред се во интерес на сите граѓани на Република Македонија заради развојот на демократијата и спречувањето на корупцијата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Краљевски.

Со оглед дека никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 58 за, 2 воздржани и 8 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом -Ресен.

Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Канчески" - Гостивар.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за 57, 2 против и нема воздржани.

Пред да објавам резултат од гласањето, молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Присутни се 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борис Канчески"-Гостивар.

Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Крушево.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за 55, 3 воздржани против нема.

Присутни се 71 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Крушево.

Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - "Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски" - Свети Николе.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - "Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски" - Свети Николе.

Минуваме на точка 17 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Тетово.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 69 за, возржан 1, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - "Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски" - Свети Николе.

Минуваме на точка 18 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - ПО - Кратово.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за 66, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - ПО - Кратово.

Минуваме на точка 19 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Центарот за продолжено лекување и рехабилитација Катлановска бања - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за 63, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Центарот за продолжено лекување и рехабилитација Катлановска бања - Скопје.

Минуваме на точка 20 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Радовиш.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66  пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Радовиш.

Минуваме на точка 21 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Кочани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65  пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Кочани.

Минуваме на точка 22 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

Минуваме на точка 23 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Минуваме на точка 24 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Минуваме на точка 25 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - П.О. - Демир Хисар.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - П.О. - Демир Хисар.

Минуваме на точка 26 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Штип.

Минуваме на точка 27 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Крива Паланка.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Крива Паланка.

Минуваме на точка 28 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Делчево.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Делчево.

Минуваме на точка 29 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Ростуше.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, против нема.

Ве молам само да утврдиме присутни во салата.

Присутни се 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Ростуше.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на Триесеттата точка од дневниот ред-предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизација Здравствен дом-Валандово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 65 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом-Валандово.

Минуваме на Триесетипрвата точка од дневниот ред-Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизацијаМедицински центар-Кичево.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 64 пратеници  63 за и 1 воздржам.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар -Кичево.

Минуваме на  Триесетивтората  точка од дневниот ред-Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизацијаМедицински центар-Струмица.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 65 пратеници 64 за, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Струмица.

Минуваме на  Триесетивтората точка од дневниот ред-Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизација  Завод за здравствена заштита-Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 60 пратеници. Сите гласале за.

Во салата има 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Прилеп.

Минуваме на  Триесетичетврта точка од дневниот ред-Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита-Струмица.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 65 пратеници 63 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организацијаЗавод за здравствена заштита-Струмица.

Минуваме на  Триесетипеттата точка од дневниот ред-Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизација природно лекувалиште Бања Банско-Струмица.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 63 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација природно лекувалиште Бања Банско-Струмица.

Минуваме на  Триесетишестата точка од дневниот ред-предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизација Градска аптека-Кавадарци.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 65 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека-Кавадарци.

Минуваме на Триесетиседмата точка од дневниот ред-предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена роганизацијаМедицински центар-Штип.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 58 пратеници и сите гласале за.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар-Штип.

Минуваме на Триесетиосмата точка од дневниот ред-Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 62 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 62 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Минуваме на Четириесеттата точка од дневниот ред-Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 58 пратеници и сите гласале за.

Во салата има 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и избор на судија на Апелациониот суд во Скопје.

Минуваме на Четириесетопрвата точка од дневниот ред-Предлог на одлука за огласување и избор на судии на основните судови во Скопје 1-Скопје , Тетово, Кочани и Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 64 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за за огласување и избор на судии на основните судови во Скопје 1-Скопје, Тетово, Кочани и Битола.

Драги пратеници бидејки дневниот ред е исцрпен ја заклучувам десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Единаесеттата седница ќе се одржи во четврток, пратенички прашања.

(Седницата заврши во 16,30 часот.)